ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ НА ТЕМА “РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ПРЕКУ НИВНА ИНКЛУЗИЈА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД“

5 РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ



02 2023 00 02

Скопје, април 2024 година

СОДРЖИНА


РЕЗИМЕ 1

1. ВОВЕД 5

1.1. Основ и причини за извршување на ревизијата 5

1.2. Предмет на ревизија 6

1.3. Стратешки документи 10

1.4. Институционална рамка за ревизијата 10

1.5. Финансирање на дејноста 11

2. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈАТА 11

2.1. Цели на ревизијата 11

2.2. Ревизорски прашања 11

2.3. Опфат на ревизија 11

2.4. Критериуми за ревизија 12

2.5. Методологија на ревизија 12

3. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ 14

3.1. Создадени услови за вклучување на пазарот на труд на жените од руралните средини 14

3.2. Инвестирање во стручно оспособување на жените во руралните средини и поддршка за создавање на работни места 26

3.3. Инвестирање во јавни услуги во руралните средини (згрижување на деца во детски градинки и домови за сместување на стари лица) 43

Добра пракса 55

4. ЗАКЛУЧОК 57

5. ПРЕПОРАКИ 59

Прилог 1 - Забелешки по Нацрт извештај

Прилог 2 - Одговор на забелешки по Нацрт извештај

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| АППТ | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| АПРЗ | Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството |
| ВЛАДАТА | Влада на Република Северна Македонија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| КЗД | Комисија за заштита од дискриминација |
| ИАКС | Интегриран систем за администрација и контрола |
| ИРС | Институт за родови студии |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МФ | Министерство за финансии |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЕ | Министерство за економија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НП | Народен правобранител |
| НФФ | Национална федерација на фармери |
| НВО | Невладини организации |
| СОБРАНИЕТО | Собрание на Република Северна Македониј |
| ССК | Сојуз на стопански комори |
| ФЗНХ | Факултет за земјоделски науки и храна, |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 13-183/10
Дата: 02.04.2024

РЕЗИМЕ

Извршивме ревизија на успешност на тема **“Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“** за да одговориме на прашањето:
**„Дали преземените мерки и проекти од надлежните институции на централно ниво се ефикасни за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот, со цел ефективно учество во економскиот и социјалниот развој на руралните средини?”**

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година.

Со ревизијата на успешност го опфативме периодот од 2019 година заклучно со 2022 година, иако одредени области, прашања и настани се опфатени претходно и последователно до денот на известување за извршената ревизија.
За да одговориме на основното ревизорско прашање, ги определивме следните специфични прашања:

- Дали создадените услови обезбедуваат родова еднаквост на жените во руралните средини и нивно вклучување на пазарот на труд?
- Дали надлежните институции спроведуваат мерки за стручно оспособување на жените во руралните средини и поддршка за создавање на работи места?
- Дали надлежните институции на централно ниво преземаат мерки и активности за подобрување на јавните услуги во руралните средини со цел родовата еднаквост и вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд?

Со спроведената ревизија и применетата ревизорска методологија, прибраните ревизорски докази, стекнавме разумно уверување дека мерките и активностите за родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд кои се преземаат од страна на надлежните државни институции не се доволно ефикасни и ефективни со цел вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд и задржување во руралните средини.

Ревизорските активности беа насочени кон утврдени ризици во 3 области при што ги утврдивме следните состојби:

**Создадени услови за вклучување на пазарот на труд на жените од руралните средини:**

- изработен е, но не е донесен Националниот акционен план за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022 - 2024 година;
- не е направена анализа за исполнетоста на реализација на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014 – 2020 и ефектите од спроведените мерки и политики;
- во Стратегиите за вработување на Република Северна Македонија, нема предвидено специфични мерки за вработување и обуки прилагодени кон потребите на жените од руралните средини;
- не се дефинирани стратешките приоритети и цели кои треба да бидат директно поврзани со развојот на руралните средини и вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд со Одлуките за утврдување на стратешки приоритети на Владата;
- не се донесени посебни законски решенија за поддршка на речиси целосно напуштените подрачја или подрачја во фаза на сериозна депопулација во Република Северна Македонија кои формираат географска територија со значителна големина од вкупната територија на државата (до 4%);
- МЗШВ не ја известува Владата за спроведувањето на Националната програма за земјоделство и рурален развој, за Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој со Годишен извештај за спроведување;
- потпишана е Декларација за подобрување на економската и социјалната положба на жените од руралните средини помеѓу НФФ, МЗШВ и МТСП, што може да придонесе за подобрување на состојбите во областа и
- предложените мерки и донесените заклучоци на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието со цел подобрување на состојбата на жените во руралните средини од надлежните институции не се реализирани.

**Инвестирање во стручно оспособување на жените во руралните средини и поддршка за создавање на работни места.**

- податоците со кои располага АВРСМ за спроведувањето на обуките и мерките за вработување, не се разделени по рурални и урбани средини при што не можевме да го утврдиме учеството на жените од руралните средини;
- утврдивме дека АВРСМ не врши следење на Програмите и ефектот на мерките и активностите кои придонеле за оспособување и вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд со цел оценка дали истите придонеле за одржливо вработување;

- донесена е Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за користење на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделската дејност поради раѓање;
- започнати се подготвителни активности од страна на Владата на Република Северна Македонија во текот на 2023 година за реализација на Проектот “50 села, 50 приказни”;
- сеуште не е акредитирана мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура од ИПАРД Програмата, која мерка ќе придонесе за подобрување на инфраструктурата во руралната средина и услови за вклучување на жените и девојчињата во образованието и пазарот на труд како и здравствени услуги;
- МЗШВ нема спроведено анализа за ефектот од спроведувањето на Мерката 112 - Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност, односно нејзиното влијание во зајакнување, зголемувањето на бројот на млади земјоделци кои започнале со земјоделска дејност;
- МЗШВ нема спроведено евалуација на мерката 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство, со цел утврдување на потребите од евентуални интервенции во мерката, зајакнување на жените како и следење на ефектот од истата и
- мал процент од жените се носители на сопственички права во руралните средини, што има влијание при аплицирањето и одобрувањето на мерките од ИПАРД 3 Програмата.

**Инвестирање во јавни услуги во руралните средини (згрижување на деца во детски градинки и домови за сместување на стари лица).**

- недоволно установи за згрижување на деца во руралните средини;
- недостиг на домови за стари лица во руралните средини и
- процесот на прием и обработка на апликациите за поднесување на барање за одобрување на мерките од ИПАРД Програмата кои ги спроведува АФПЗРР не е автоматизиран, со што постои ризик од субјективност при процесот на обработка на овие податоци.

Препораките дадени во овој извештај се однесуваат на мерките и активностите кои Владата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, треба да ги преземат со цел отстранување на причините за утврдените слабости, неправилности, состојби и потенцијални ризици прикажани во овој извештај, да преземат активности со кои ќе создадат услови за подобрување на целокупната состојба поврзана со родовата еднаквост на жените во руралните средини и нивна инклузија на пазарот на труд.

Нагласуваме дека во текот на целиот процес на вршење на ревизијата, ревизорскиот тим на Државен завод за ревизија имаше постојана стручна и професионална соработка и комуникација од назначеното лице за комуникација со ревизорскиот

тим и надлежните и одговорните лица кај сите институции вклучени во низата на активности кои беа предмет на ревизија и кои изразија и покажаа позитивен однос кон ревизијата.

Истакнуваме и дека во текот на ревизијата Државен завод за ревизија имаше одлична поддршка и соработка со Националната федерација на фармери како и во процесот на спроведување на теренска посета на руралните жени во планските региони во државата.

Од страна на одговорното лице на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и министерот на Министерството за труд и социјална политика доставени се одговор и мислење на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. По разгледување на истите е утврдено дека одговорот претставува забелешка и истата делумно се прифаќа, а мислењето претставува коментар дека извештајот содржи релевантни податоци и ја поздравуваат неговата изработка.

# 1. ВОВЕД

Бројот на жителите во селата во Република Северна Македонија опаѓа, депопулацијата и ограничените можности на жителите на руралните средини се евидентни секој ден, а улогата на руралната жена за опстанување на селата и руралните области останува невидлива и непрепознатлива за пошироката јавност.

Руралните жени се моќни, силни и посветени на развојот на заедницата, кои соочувајќи се со бројни предизвици се движечка сила во производството на храна, зачувувањето на традицијата, борбата со климатските промени и одржливиот рурален развој, потсетувајќи не дека преку нивно социјално и економско јакнење ние ќе создадеме социјална благосостојба, економски развој, поквалитетен живот во руралните средини и одржливи заедници.

При дефинирањето на поимот рурална жена, треба да се тргне од фактот дека нашите рурални области или села минуваат низ силен процес на деаграризација[1] на населението, така што има многу луѓе кои не можат да бидат вклучени во категоријата „земјоделци“. Терминот „рурална жена“ е поширок, додека терминот „земјоделец“ или „жена-земјоделка“ е потесен затоа што вклучува само активни членови на оваа група на кои им припаѓаат носители на земјоделски стопанства.

Намалување на диспаритетот помеѓу урбаните и руралните средини, како и намалување на родовата нееднаквост проследено со создавање на услови за еднаков пристап до права, заштита од дискриминација, професионален напредок и економска стабилност на жените во руралните средини се само дел од идентификуваните приоритети кои треба да се постигнат за да се обезбеди подобар живот за жените во руралните средини.

Неопходност е јавните институции да ги зајакнат заложбите за елиминирање на дискриминацијата и пристапот до права за жените во руралните средини, да го намалат и затворат родовиот јаз и да овозможат олеснување на пристапот на жените, вклучително на жените од руралните средини и жените кои се активно вклучени во земјоделство до формално вработување и претприемништво проследено со подобрување на нивните можности за согласување на работниот живот со семејните обврски.

Тие се клучни придонесувачи во земјоделското производство, безбедноста на храната, движењето за климатските промени, претприемништвото и граѓанскиот активизам.

Со своето делување во заедницата, руралните жени се носители на промени за намалување на сиромаштијата, генерирање на приходи и можности за вработување што е клучен придонес за одржлив развој на заедницата.

## 1.1. Основ и причини за извршување на ревизијата

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година планирана е ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од

[1] Процес на напуштање на земјоделството како дејност и извор на приход.

руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“.
Ревизијата е планирана да се спроведе како кооперативна ревизија на успешност, поради реализација на активностите утврдени со договорот помеѓу Државниот завод за ревизија и Врховните Ревизорски Институции на Република Албанија и Република Косово.
Темата за ревизија е значајна од аспект на тоа да оцениме дали преземените мерки и проекти од надлежните институции на централно ниво се ефикасни за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот, со цел ефективно учество во економскиот и социјалниот развој на руралните средини.

## 1.2. Предмет на ревизија

Предметот на ревизија е директно поврзан со Цел 5 од Агендата за одржлив развој 2030 на Обединети нации. Агендата 2030 обезбедува универзална рамка за зајакнување на колективната акција кон заедничките цели и предизвици за заеднички просперитет и исполнување на нашите меѓу генерациски одговорности, кои можат да се постигнат само преку колаборативни партнерства во кое ќе бидат вклучени сите земји и сите засегнати страни преку 17 Цели утврдени во Стратегијата. Родовата еднаквост е една од централните теми во Агендата за одржлив развој 2030. Имено, се потенцира дека „остварувањето родова еднаквост и зајакнувањето на жените и девојките ќе даде важен придонес во сите цели и задачи“, и се инсистира на системско вклучување на родовата перспективата во целокупната имплементација.
Во голем дел од Целите за одржлив развој како целни групи се жените од руралните средини и жените што се активно вклучени во земјоделство како значајна алка за постигнување на социо - економски развој и одржлива иднина.
И покрај тоа што родовата еднаквост се третира како хоризонтално прашање што треба да биде адресирано при остварувањето на Целите генерално, предвидена е и засебна Цел 5, која е специфично насочена кон родовата еднаквост. Оваа цел се стреми кон зајакнување на жените и девојчињата и остварување на нивниот целосен потенцијал, што неизбежно подразбира елиминација на сите форми на дискриминација врз основа на пол и родово базирано насилство. Дополнително, целта 5 настојува да овозможи унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје на жените и девојките, признавање на неплатената домашна работа и еднаков пристап до ресурси, како и еднакво учество со мажите во политичкиот, економскиот и во јавниот живот.
Родовата нееднаквост помеѓу жените и мажите е особено нагласена во руралните средини. Жените од руралните средини даваат значителен придонес за развој на руралните заедници во сите региони, а сепак се соочуваат со повеќе ограничувања отколку мажите во пристапот до клучните продуктивни ресурси, како што е земјата и услугите, потоа пристапот до финансии, право на сопственост на имот, земјиште или опрема и помагала. Тие се соочуваат со дискриминација во поглед на нивното учество на пазарот на труд и надоместоците односно платите за нивниот работен ангажман, неплатената домашна работа, нискиот степен на вклучување во

донесувањето на одлуки во семејството и др.

Состојбата со вработените во државата според економскиот статус и полот, урбан и рурален дел е прикажана на следниот графикон број 1.[2]




Според податоците од графиконот може да се забележи дека жените од руралните средини се најмалку вработени, работодавци и вработени за сопствена сметка во однос на останатите категории, додека најмногу доминираат во групата на неплатен семеен работник.





Рурална средина село Горно Косоврасти – Општина Дебар

[2] Извор на податоци Државен завод за статистика.

Еднаквиот пристап до ресурси и можности и овозможувањето на жените целосно да учествуваат во донесувањето одлуки во домаќинството и заедницата, води до напредок и перспектива за идните поколенија, со што се намалува сиромаштијата за идните генерации и се придонесува за долгорочен социоекономски развој. Затоа, затворањето на „родовиот јаз“ за пристап до средства, ресурси, услуги и можности е идентификуван како еден од најефикасните пристапи за борба против руралната сиромаштија.

Руралните жени се тие кои имаат значајна одговорност за хранење и растење на следните генерации и опстојување на руралните средини, а се оставени без поддршка од чинителите во општеството иако секојдневно се соочуваат со бројни предизвици. Време е да го препознаеме значајниот придонес што тие го даваат за нашите семејства, заедници и нашата држава, и да се осигуриме дека ќе бидат поддржани и заштитени како рамноправни членови на општеството.

### 1.2.1. Состојби во руралните средини и карактеристики на руралната економија

Земјоделството претставува најзначајна економска дејност во руралните средини која влијае на ублажување на сиромаштијата и невработеноста. Една петтина од руралното население или 24,2% живее под стапката на ризик од сиромаштија во 2017 година. Споредбата помеѓу исклучиво земјоделски домаќинства, мешани домаќинства каде најмалку еден член од семејството е вработен надвор од земјоделството и домаќинства без земјоделски активности, покажува дека мешаните домаќинства имаат најголеми приходи, потоа следат земјоделските домаќинства и како најсиромашни се рангираат не земјоделските селски домаќинства. Се проценува дека околу 30% од земјоделците или членови на земјоделско домаќинство се самовработени, вработени во производството или во јавниот сектор. Вработувањето или самовработувањето надвор од земјоделството е во трговијата, градежништвото или услугите. Поголемиот дел од руралните жени се вработени во текстилниот сектор. За периодот 2017 - 2019 година, во просек 45% од вкупниот број на вработени во државата (342.474) се вработени во руралните средини. Од нив 19% се самовработени, а 12% се со неплатен семеен труд. Со учество од само 35%, диспаритетот на вработеноста на жените во однос на мажите во руралните средини останува значителен и е поголем од оној во урбаните средини каде учеството е повеќе балансирано и изнесува 43% во корист на жените. Високиот процент на рурални жени кои не се активни на пазарот на труд произлегува **од нивниот ангажман во домот, како што е грижа за деца, грижа за постари лица и други домашни обврски кои претставуваат неплатена работа.** Пристапот до ресурси и можности за економско и социјално зајакнување помеѓу мажите и жените во руралните средини е ограничен, така што бројот на жени носители на стопанствата во рамките на вкупниот број земјоделци изнесува само 10,4%, а 12,01% од жените се сопственици на земјиште со ниско учество во процесот на донесување одлуки релевантни за производствените активности. Поради неповолната позиција на жените како удел во работната сила и во однос на приходите во семејството, младите жени во руралните области најчесто не ја гледаат својата иднина во

земјоделство и се подготвени да останат во руралните области само ако се во можност да добијат друг тип на вработување[3].Освен откупувачите и преработувачи на овошје и зеленчук и винариите кои се извозно ориентирани, поголемиот дел од бизнисите во руралните региони се мали компании насочени кон задоволување на локалните или регионални пазари. Од покрупните капацитети во рурални области се наоѓа скоро целата индустрија за преработка на храна (со исклучок на преработката на месо и кланици). Генерално, развојот на индустријата во сите региони е ограничен од квалитетот на патната и деловната инфраструктура и сè повеќе од недостигот на квалификувана работна сила. Во руралните средини постои потенцијал за развој на руралниот туризам, но тој сеуште е недоволно развиен (само 4% од вкупните сместувачки капацитети се наоѓаат во руралните области). Скоро половина од територијата на државата има потенцијал за развој на атрактивни туристички производи. Природното и културно наследство како потенцијал за развој на руралниот туризам се препознаени од страна на ЕЛС кои истиот го имаат наведено како една од целите во нивните стратегии за локален економски развој. Занаетчиството е исто така идентификувано како сектор кој може да придонесе во создавање на приходи и работни места, особено во поизолираните рурални области кои не се привлечни за другите бизниси. Сепак, соочен со индустриското производство, овој сектор стагнира во последните години и постои тенденција на изумирање на голем број од традиционалните занаети. Руралното население во однос на населението во урбаните области нема пристап до банкарски услуги, до поштенски услуги, пристап до културни објекти и основните услуги за транспорт кои не се достапни или се тешко достапни за населението во руралните области. Потребата од подобрување на патната мрежа во руралните области е важна како во низинските села, така и во планинските села. Пристапот до образование за децата од руралните области е задоволителен што се однесува за основните училишта, додека во однос на средното образование растојанието до училиштата има негативно влијание. Квалитетот на физичката и социјалната инфраструктура во руралните области е влошен во текот на изминатите декади како резултат на недоволното инвестирање во развојот и одржувањето. И покрај тековните инвестиции на Владата и општините во модернизација и проширување на патната инфраструктура, состојбата на патната мрежа е сè уште незадоволителна во однос на поразвиените соседни земји и просекот на ЕУ. Малите и економски слаби рурални општини имаат значителни проблеми за одржување на квалитетот и пристапот до основните услуги, особено за населените места со помал број жители, што резултира со поголемо незадоволство од квалитетот на животот кај руралното население во однос на она кое живее во урбаните средини. Оттука, потребно е подобрување на физичката инфраструктура и основните услуги во руралните области со цел да се подобри квалитетот на животот, а со тоа и нивната конкурентност и способност да ја задржат помладата и подобро образована

[3]Извадок од истражувањето „Мерење на зајакнувањето на жените во земјоделството со методот базиран на анкети и експериментална економија“ 2019, UN Woman Факултетот за земјоделски науки и храна.

популација и да привлечат инвестиции. Како резултат на состојбите, во руралните средини се одвиваат интензивни и динамични миграциони процеси во различни насоки. Согласно „Стратегијата за рамномерен развој 2020 - 2030 година", во периодот од 2014 до 2019 година, 35,1% од внатрешните миграции биле на релација село - град, 21,6% се одвивале од град во село, миграциите помеѓу селата учествувале со 34,7%, а меѓуградските миграции со 8,6%. При тоа, 43,7% од вкупните доселувања биле кон Скопскиот плански регион кој е единствениот регион со позитивно миграциско салдо. Во вкупните внатрешни преселби **жените се најприсутни,** поточно учествуваат со над 70% во сите региони[4].

На следниот графикон број 2 е прикажана состојбата по видот на вработените според економскиот статус, пол и рурален дел за периодот 2019 – 2022 година.[5]




## 1.3. Стратешки документи

Во поглед на планирањето и вклучувањето на жените од руралните средини на пазарот на труд на национално ниво подготвени се и се следат низа среднорочни и долгорочни плански документи и стратегии кои се фокусирани на различни делови, но и делумно ги опфаќаат и жените од руралните средини како што се: Стратегија за родова еднаквост, Национална стратегија за земјоделство и руралниот развој и Национална стратегија за вработување.

## 1.4. Институционална рамка за ревизијата

Главните активности за спроведувањето на мерките, активностите и политиките поврзани со инклузија на жените од руралните средини на пазарот на труд се спроведуваат од Владата преку министерствата и други надлежни институции и органи, како што се МТСП, МЗШВ, АФПЗРР, АВРСМ опфатени со оваа ревизија, како и други институции од национално, регионално и локално ниво.

[4] Национална стратегија за земјоделството и рурален развој за периодот 2021 – 2027 година.
[5] Извор на податоци Државен завод за статистика.

### 1.5. Финансирање на дејноста

За финансирање на процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд, надлежни се повеќе институции во државата кои преку програми, мерки и активности обезбедуваат финансиски средства за финансирање на овие процеси и тоа преку Министерство за труд и социјална политика, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралните развој, Агенцијата за вработување кои се прикажани подетално во делот 3 - Ревизорски наоди од овој извештај.

## 2. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈАТА

### 2.1. Цели на ревизијата

Целта на ревизијата е да се процени дали преземените мерки и проекти од надлежните институции на централно ниво се ефикасни за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот, со цел ефективно учество во економскиот и социјалниот развој на руралните средини и да се дадат препораки во насока на надминување на утврдените состојби за постигнување на додадена вредност од ревизијата.

### 2.2. Ревизорски прашања

Ревизијата на успешност е активност која ја спроведовме со цел да дадеме оценка за родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд и да одговориме на главното ревизорско прашање:

„Дали преземените мерки и проекти од надлежните институции на централно ниво се ефикасни за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот, со цел ефективно учество во економскиот и социјалниот развој на руралните средини?"

Специфични цели по утврдени области се:

- Да се оцени дали се создадени услови за вклучување на пазарот на труд на жените од руралните средини;
- Да се оцени степенот на инвестирање во стручно оспособување на жените во руралните средини и поддршка за создавање на работни места и
- Да се оценат инвестирањето во јавни услуги во руралните средини (згрижување на деца во детски градинки и домови за сместување на стари лица).

### 2.3. Опфат на ревизија

Со ревизијата на успешност ги опфативме националните стратегии, политики и програми, како и преземените мерки и активности во периодот од 2019 година до

2022 година, а одредени прашања и настани се опфатени претходно и последователно до денот на известување за ревизијата.
Со ревизијата беа опфатени следните субјекти:

- Влада на Република Северна Македонија;
- Министерството за труд и социјална политика;
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија и
- Национална федерација на фармери на Република Северна Македонија.

Државниот завод за статистика беше вклучен во ревизијата со цел обезбедување на статистички податоци за темата предмет на ревизија.
Изборот на институциите опфатени со ревизијата е извршен според нивната надлежност во спроведување на мерки, активности и проекти кои се однесуваат на руралните средини, руралната жена или за вклучувањето на жените од руралните средини на пазарот на труд.

Согласно утврдените ризици по добиените прелиминарни информации, а врз основа на избран примерок, извршивме посета на лице место на жените од руралните средини во планските региони во Република Северна Македонија со цел добивање на податоци преку спроведување на анкета, доставени прашалници и спроведени интервјуа со поддршка на Националната федерација на фармери.

## 2.4. Критериуми за ревизија

Како критериуми за оваа ревизија користени се законската и подзаконската регулатива, стратешките документи, обезбедени податоци, информации, статистички прегледи и други наведени во точка 1.3 од овој извештај.

## 2.5. Методологија на ревизија

2.5.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со ISSAI стандардите на ИНТОСАИ за ревизија на успешност и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија.

2.5.2. Кај оваа ревизија на успешност избравме и применивме комбиниран пристап од пристапот ориентирани кон системите и пристапот ориентиран од резултатите. Користењето на **пристапот ориентиран кон системи** ни овозможи да ги идентификуваме засегнатите страни во процесот на вклучување на руралните жени на пазарот на труд, додека примената на **пристапот ориентиран кон резултатите** , ни овозможи да извршиме оценка на степенот на реализираните од предметот на ревизија.

2.5.3.Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки ги користевме методологијата и техниките на ревизија на успешност:

- проучување на законска и друга регулатива, стратешки и плански документи од областа предмет на ревизија,
- разговори/интервјуа со лица релевантни за темата на ревизијата,
- прашалници до релевантните субјекти,
- проверка на документација,
- анализа на податоци и информации,
- физичко набљудување и увид на лице место со фотографирање и
- интернет истражување.

2.5.4.Согласно законската регулатива и Меѓународните стандарди за ревизија, за потребите на ревизијата беше за одредени прашања од областа на родовата еднаквост, беше консултиран и надворешен експерт од UN WOMEN.

2.5.5.Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 16.03.2023 до 28.12.2023 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

2.5.6.Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок одржан на ден 22.01.2023 година со претставници на субјектите предмет на ревизија.

Од одговорното лице на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и од одговорното лице на Министерството за труд и социјална политика до Државниот завод за ревизија доставени се одговор и мислење по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. По разгледување на истите утврдено е дека одговорот претставува забелешка на точката 3.3.3. која делумно се прифаќа, а мислењето претставува коментар дека извештајот содржи релевантни податоци и ја поздравуваат неговата изработка.

# 3. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

## 3.1. Создадени услови за вклучување на пазарот на труд на жените од руралните средини

3.1.1. За воспоставување на сеопфатна рамка со активности за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените донесена е **Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2022 – 2027 година** [6], која е четвртиот стратешки документ од оваа област. Со Стратегијата утврдени се три општи цели:

1. воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво;
2. подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот и
3. сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет. Стратегијата предвидува специфични цели и индикатори за остварување на општите цели.

Во Стратегијата како клучен стратешки документ идентификувани се приоритети по области, од кои еден од приоритетите е земјоделство во кој утврдено е дека во руралните средини е потребно зајакнување на жените во однос на управување со земјоделски имот и земјиште, како и градење на нивната самодоверба и капацитети во донесување одлуки. Зајакнувањето на жените од руралните средини треба да биде насочено и кон градење на нивните капацитети и знаења за аплицирање во програмите за финансиска поддршка во земјоделството, но и во другите програми каде што се нудат можности за отворање сопствен бизнис и самовработување, како и диверзификација на активностите во руралните средини и придонес кон нивна одржливост преку отворање мали бизниси (што и не се примарно поврзани со земјоделството) какви што се: локални фризерници, продавници за изработка и продажба на традиционално изработени производи, развој на рурален туризам итн. Исто така предвидени се мерки за вклучување на жените од неформалната економија во формалната, односно формализирање на работата што тие ја вршат. Потребно е да се донесат мерки за зголемување на бројот на регистрираните земјоделки и носителки на земјоделски стопанства преку соодветно вреднување на нивниот труд, како и потреба од законски измени за признавање на нивните права на социјални бенефиции, вклучувајќи боледување, родителско отсуство и пензии.

Националниот план за родова еднаквост 2022 - 2024 е документ со кој се дефинира начинот на спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027, донесена од страна на Собранието на ден 27.07.2022 година, преку дефинирање на активностите, индикаторите за активностите, носителите на обврска за спроведување на истите, временската рамка и издвоените финансиски средства за спроведување на активностите утврдени со Стратегијата, а кои сите заедно имаат

[6] Службен весник на Република Северна Македонија број 170 од 28.07.2022 година.

цел за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените. Во акциониот план предвидени се следните мерки и активности:

- спроведување на теренски активности (јавни дебати, информативни средби) за запознавање на жените од рурални средини за можности за вработување и стимулирање на здружувањето на жените од руралните средини во задруги. Носител на овие активности е МЗШВ, а вклучени се и АВРСМ и НФФ, со период на имплементација 2023 – 2024 година;
- зголемување на бројот на сервиси за деца и стари лица во рурални средини по општини. Носител е МТСП, а целта е изградба на градинки во општините во периодот 2023 - 2024 година;
- кампањи за сузбивање на родови стереотипи во рурални средини, организирање на меѓународна конференција на рурални жени од Балканот заради размена на искуства во однос на преминување од неформална во формална економија, Иницирање на предлог - законски одредби за зголемување на бројот на жени сопственици на недвижен имот во кодификацијата на граѓанскиот законик. Носител на оваа активност е МЗШВ со периодот на имплементација 2022 – 2024 година;
- подготвување на програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност, чиј носител е АФПЗРР и МЗШВ, а период на имплементација е 2023 и
- спроведување на мерката 115 – Поддршка на активен женски член на земјоделско стопанство, за која носител е МЗШВ и АФПЗРР, а периодот на имплементација е 2023 година.

Националниот акционен план за спроведување на стратегијата за родова еднаквост 2022 - 2024 година е изработен, но сеуште не е одобрен од страна на министерот на МТСП, кој ги опфаќа активностите, индикаторите, носителите на активностите, временската рамка и потребниот буџет за спроведување на активностите со кои се постигнуваат специфичните и општите цели поставени со Стратегијата.
Со извршената ревизија утврдивме дека дел од активностите тековно се реализираат и покрај тоа што не е донесен Националниот акцискиот план како на пример мерката 115 – Поддршка на активен женски член на земјоделското стопанство која за прв пат се спроведе во 2019 година согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, донесена е Програмата за поддршка на социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година, и МТСП носи на годишно ниво Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита и Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица кои се предвидени со Законите за извршување на буџетот на Република Северна Македонија.
Со извршениот увид во Националниот Акциски план за родова еднаквост 2018 – 2020 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2013 – 2020 година, предвидена е активност за развивање на планови и програми за поголемо вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот во кои одговорни

институции се МТСП, АВРСМ, МЛС и Граѓански здруженија, а рок на спроведување на овие активности е 2020 година.
Имено не е утврдено на кој начин е планирано да се изврши оваа активност во НАПот, а поради Ковид кризата не е донесен Оперативен план за реализирање на акцискиот план за родова еднаквост на МТСП за 2020 година и не е реализирана предвидената активност. Во Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 година не е планирана ваква активност.

Не донесување на Националниот акциски план за спроведување на Стратегијата може да влијае врз навремено спроведување на определени мерки и активности и нивно следење и оценка на имплементација за жените од руралните средини, имајќи во предвид дека овие активности се значајни и влијаат врз развојот на руралните средини, а со тоа и врз подобрување на состојбите на руралните жени.

3.1.2. Спроведувањето на **Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој 2014 - 2020**, односно нејзиниот оперативен план се реализира преку пет годишна Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој, ИПАРД Програмата 2014 - 2020 и годишните програми на Владата за финансиска поддршка во земјоделството и за финансиска поддршка на руралниот развој.

Редовното следење на спроведувањето на Стратегијата е превидено да се врши преку доставување на годишни информации до Владата подготвени од страна на МЗШВ.
На половината од периодот на спроведување на стратегијата во текот на 2017 година било предвидено да се направи анализа на исполнетоста на реализацијата на Стратегијата и ефектите од спроведените политики и врз основа на анализата да се направи ажурирање на текстот од Стратегијата.
Прегледот за постигнувањата на исполнетост на стратешките определби и ажурираниот текст на стратегијата било предвидено да се достави на одобрување до Владата најдоцна до јуни 2017 година.
Постапките на проценка на спроведувањето на националната стратегија и нејзиното ажурирање на половината од стратешкиот период, било потребно да се уреди како обврска во Законот за земјоделство и рурален развој.
Ревизијата во делот на спроведување, реализација и следење на Националната стратегија го утврди следното:

- националната стратегија содржи Оперативен план за нејзино спроведување, во кој се презентирани политиките и мерките по секоја од областите на интервенција, дадени од аспект на надлежното тело за нивно спроведување, временска рамка, очекуваниот резултат со индикатори и индикативниот износ на средства и изворот на финансирање. Очекуваните резултати односно индикаторите се дадени наративно, а не со вредносни и квалитативни показатели, што го отежнува нивното

оценување/споредување, како и утврдување на тенденциите и трендовите на развој;

- не било вршено редовното следење на спроведувањето на стратегијата преку испраќање на годишни информации до Владата подготвени од страна на МЗШВ до крајот на тековната година и
- не е направена анализа за реализација на стратегијата и ефектите од спроведените политики и проценка и не е иницирана измена и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој со која вршењето проценка и ажурирање на Стратегијата на половината од стратешкиот период ќе биде законска обврска.

Горенаведените состојби не овозможуваат следење на спроведување на активностите со цел мерење на исполнување на индикаторите/целите на стратегијата, како основа за понатамошно планирање на развојот во земјоделието и руралниот развој.
Во Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој 2021 - 2027 година предвидено е дека во текот на 2024 година, на половината од периодот на спроведување на стратегијата, ќе биде направена анализа на реализацијата, односно на постигнатите ефекти и резултати од реализираните политики, согласно која истата ќе биде ажурирана. Ex-post евалуација на спроведувањето на стратегијата е планирано да се реализира по завршување на стратешкиот период. Евалуацијата ќе обезбеди и научени лекции за идентификување на недостатоците и проблемите, односно потенцијалот за понатамошно подобрување на интервенциите со цел да се помогне во максимизирање на нивното идно влијание.

3.1.3. Основната цел на **Националната стратегијата за вработување на Република Македонија 2016 - 2020 година** е „Зголемување на вработеноста, квалитетот на вработеноста, квалитетот на работните места и продуктивноста, со посебен фокус кон ранливите групи на население. Основната цел предвидено е да се оствари преку исполнување на следните специфични цели:

- цел 1 - Зголемување на ефективноста и ефикасноста на политиката за вработување, со посебна поддршка за ранливите категории на население;
- цел 2 - Унапредување на капацитетот на приватниот сектор за креирање на работни места и
- цел 3 - Образованието продуцира знаења и вештини според потребите на работодавачите.

Во делот на „предизвици кон зголемување на вработеноста, животниот стандард и продуктивноста“ утврдено е дека неактивноста кај жените е несразмерно распространета меѓу младите жени, жените во руралните средини и неквалификуваните, при што една од најважните причини за женската неактивност се обврските во домаќинството, како и дека жените (посебно оние со пониски нивоа на образование, жените од руралните подрачја) се ранлива категорија на пазарот на

труд. Неактивноста на жените на пазарот на труд е најчесто резултат на извршување на семејни обврски.

Со реализација на целите, предвидено е зголемено учество на ранливите категории во активните мерки на пазарот на труд (лицата невработени над 2 години, корисниците на социјална парична помош и членовите на домаќинствата, жени жртви на семејно насилство, лица со инвалидност и намалена работна способност). При таргетирањето на активните мерки ќе се дава приоритет кон ранливите групи на население кои имаат мали шанси да најдат работа самостојно. Покрај фокус на младите, активните мерки ќе даваат поголеми субвенции и повластици за овие ранливи категории на граѓани.

Во Стратегијата утврдено е дека неактивноста кај жените е несразмерно распространета меѓу жените во руралните средини и дека анализата на пазарот на труд покажала дека жените (посебно оние со ниско образование, од рурални средини), младите лица, лицата невработени долго време и сиромашните лица (примателите на социјална парична помош) имаат мала веројатност да најдат работа (доколку се активни), а некои од нив и мала веројатност да бидат активни на пазарот на труд.

Иако се забележува дека во Стратегијата се детектирани проблемите и предизвиците со кои се соочуваат руралните жени во однос на вклучување на пазарот на труд и се препознава дека истите се мошне ранлива категорија на пазарот на труд, сепак не се препознаени како ранлива група во исходите на целите кои треба да придонесат кон остварување на општата цел а тоа е зголемување на вработеноста, квалитетот на работните места и продуктивноста што како за ефект има отсуство на специфични мерки за вработување и обуки насочени кон потребите на жените од руралните средини, со цел нивно вклучување на пазарот на труд.

Во донесената Национална стратегијата за вработување на Република Северна Македонија 2021 - 2027 година, со Акциски план за вработување 2021 – 2023 година не се предвидени активности кои се поврзани со жените од руралните средини, односно посебни цели и мерки за инклузија на пазарот на труд во однос на обуки и можности за вработување на жените од руралните средини.

3.1.4. Со Законот за Земјоделство и рурален развој[7] во текот на 2012 година предвидено е формирање на **Национална рурална мрежа** која претставува платформа за воспоставување на партнерство со сите заинтересирани страни кои дејствуваат во руралните средини за потребите на планирањето, следењето и спроведувањето на Националната програма за рурален развој.

Националната рурална мрежа е основана после 10 години, односно првата конститутивна седница на Управниот одбор е одржана во февруари 2023 година.

Во текот на 2022 година донесена е Уредба[8] за воспоставувањето, организацијата, членството и работата на Националната мрежа во која е дефинирана улогата и целите на оваа мрежа., односно:

[7]Службен Весник на Република Македонија број 126 од 10.10.2012 година.
[8]Уредба број 40-10099/1 од 23.11.2021 година.

- зголемување на вклученоста на заинтересираните страни во спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој;
- информирање на пошироката јавност и потенцијалните корисници за политиката за рурален развој и можностите за кофинансирање на проекти
- поттикнување на иновации во земјоделството, производството на храна, шумарството и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони и
- националната рурална мрежа дејствува во руралните средини, руралните заедници и руралните региони на територијата на Република Северна Македонија.

На веб страната на мрежата објавено е дека брои 401 член до моментот на вршење на ревизијата. Имено, членови на оваа мрежа се планските региони, правни лица, невладини организации, физички лица кои се занимаваат со земјоделство како дополнителна дејност.
Ваквата состојба влијае на целокупниот процес на развој на руралните средини имајќи ја во предвид функцијата, улогата и надлежностите на Националната рурална мрежа, во зголемување на вклученоста на заинтересираните страни во спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој.
Ненавременото формирање на националната рурална мрежа влијаело и на информирање на пошироката јавност и потенцијалните корисници за политиката за рурален развој и можностите за кофинансирање на проекти и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони и сметаме дека нејзиното функционирање ќе придонесе за поголема вклученост во мерките од Националната програма на жените од руралните средини.

3.1.5. Ревизијата изврши анализа на донесените Одлуки за утврдување на стратешки приоритети на **Владата за периодот 2019 – 2024 година.** Ревизијата утврди дека Одлуките за утврдување на стратешки приоритети на Владата за 2019, 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година не содржат конкретни приоритети или цели кои се однесуваат на: воспоставување на ефективен и ефикасен систем за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

Ваквата состојба на отсуство на утврдени конкретни приоритети и цели, за развој на руралните средини и за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд, влијае на ефективноста на спроведување на процесот на родова еднаквост и инклузија на жените од руралните средини на пазарот на труд.

Наведеното упатува на потреба од преземање на дополнителни активности за вклучување односно дефинирање и прецизирање на стратешките приоритети и цели кои треба да бидат директно поврзани со развојот на руралните средини, како и со вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

3.1.6. Во донесената Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за периодот 2014 – 2020 година, во делот **Заживување на депопулационите рурални подрачја,** предвидено е дека со цел започнување на посериозен процес на ревитализација, Законот за земјоделство и рурален развој предвидува можност за донесување на посебни законски решенија за поддршка на речиси целосно напуштените подрачја или подрачја во фаза на сериозна депопулација во државата кои формираат географска територија со значителна големина од вкупната територија на државата (до 4%). Региони со вакви карактеристики се: Мариово, Поречието, Малешевијата, Мавровско - реканскиот крај, Демир Хисар, висорамнината Витачево и Азот. Било предвидено за овие рурални региони во Република Северна Македонија во рамките на посебните закони да се дефинираат посебен сет од политики и мерки за координиран пристап на различни министерства, тела и локална управа со цел да се постигнат основни услови за нивно заживување.

Целта на донесувањето на посебните законски решенија е овозможување на поголема поддршка за поттикнување на економските активности и инфраструктурни инвестиции преку дизајнирање на посебен пакет на мерки кои се потребни за секој од регионите поединечно, како и преку поедноставување на спроведувањето на координираните политики од различен тип кои треба да придонесат кон ревитализација на овие подрачја.

Пред донесување на посебните законски решенија предвидено било да се направат студии со сеопфатни економско социјални анализи за потенцијалите за развој на секој од регионите, врз основа на што ќе се дефинираат политиките и мерките на економска и популациона ревитализација на регионите кои најмногу одговараат на реалните состојби во секој од регионите. Акцентот на областите на политики кои би се опфатиле со студиите и законот се:

- обезбедување основни инфраструктурни услови и услови за живеење;
- искористување на природните ресурси - руди и минерални суровини, шуми, пасишта и води;
- производство на обновливи извори на енергија;
- започнување на економски активности, пред се земјоделство и сточарство, лов и риболов;
- преработка на земјоделски производи;
- рурален туризам и креирање на поповолни услови за постепено враќање на населението, особено наменети за млади домаќинства со потекло од овие региони.

Со извршената ревизија утврдивме дека не се изготвени потребните анализи и не се донесени посебни закони за поддршка на целосно напуштените подрачја или подрачја во фаза на сериозна депопулација, со цел да се постигнат основни услови за нивно заживување.

Со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за период 2021 - 2027 година вакви активности не се предвидени, додека пак во Националната програма за земјоделство и рурален развој 2023 - 2027 утврдено е дека во следниот период ќе

се направат напори за воведување на позасилени инструменти на политиката наменета за изразито депопулационите рурални подрачја и нивно заживување, но не навлегува подетално во начинот на спроведување.

3.1.7. Во Законот за земјоделство и рурален развој предвидено е МЗШВ да ја известува Владата за спроведувањето на Националната програма за земјоделство и рурален развој, за Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој со **Годишен извештај за спроведување** најдоцна до 31 март во тековната за претходната година, кој треба да содржи:

- тековна анализа на општите развојни состојби во областа на земјоделството и руралните средини,
- извештај за достигнување на утврдените цели од националната стратегија и националната програма,
- извештај за спроведувањето на програмите за финансиска поддршка, вклучително и државната помош и постигнати резултати,
- активности преземени од Министерството и Агенцијата за унапредување на постапките за спроведување на програмите за финансиска поддршка и државната помош,
- извештај од спроведени контроли и инспекциски надзор и утврдени недоследности при спроведување на програмите за финансиска поддршка и државната помош и преземени активности и
- опис на преземени активности на Министерството и Агенцијата за комуникација и публицитет на програмите за финансиска поддршка.

Имено, овие податоци МЗШВ потребно е да ги обезбеди од страна на АФПЗРР како институција задолжена за реализација на финансиските средства по мерките.
Со наведениот закон уредено е дека АФПЗРР доставува податоци до МЗШВ на секои три месеци а за видот на податоци, рокот и начинот на нивно доставување и собирање ги пропишува министерот.
Со увид во документацијата утврдивме дека МЗШВ нема донесено акт со кој ќе се утврди видот на податоците, начинот на нивното собирање и доставување, поради што, АФПЗРР не ги реализира своите законски надлежности во однос на доставувањето на податоци за реализација на мерките. Воспоставена е пракса АФПЗРР до МЗШВ да доставува одредени барани податоци по динамика, вид, содржина и начин согласно усното или писменото (допис или мејл) барање на истите доставено од страна на МЗШВ до одреден вработен од АФПЗРР. Поради наведената состојба, МЗШВ не изработува и не доставува Годишен извештај до Владата .

Ваквата состојба влијае МЗШВ и Владата да не располагаат со целосни и навремени податоци за исплата на средства по мерките, контролата врз реализираните мерки кои се потребни за реално планирање, следење на спроведувањето и процена на влијанието на мерките и инструментите врз законски определените цели на

националната политика во областа на земјоделството и руралниот развој на Република Северна Македонија.

3.1.8. Во 2018 е потпишана **Декларација за подобрување на економската и социјалната положба на жените од руралните средини** од страна на Националната федерација на фармери, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за труд и социјална политика, со цел постигнување на родова еднаквост и зајакнување на жените и девојките од руралните средини, со цел подигнување на свеста на креаторите на политиките на национално и локално ниво за положбата на жената од руралната средина, за нејзиното зајакнување на економски и социјален план и за одржлив развој на руралните средини со предвидени цели. Целите се насочени кон подобрување на економската и социјалната сигурност и зајакнување преку воспоставување на механизми за едукација и информираност на жените во руралните средини, креирање на мерки за зголемување на можноста за вработување, мерки за признавање на неплатениот труд за грижа за семејството, решенија за жените кои немаат остварено право на пензија, поттикнување на жените за поголемо учество во процес на одлучување и креирање на политики на локално и национално ниво како и подобрување на достапноста на јавните услуги во согласност со остварување на Целите за одржлив развој и Агендата 2030.

Заради постигнување на целите од потпишување на оваа декларација направени се одредени чекори за подобрување на состојбата на жените од руралните средини. Имено, променети се критериумите кои биле предвидени за мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство кои било утврдено дека содржат дискриминаторни критериуми (подетално образложено во точка 3.2.6), исто така за прв пат е воведена и Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност (подетално образложено во точка 3.2.2.).

Остварувањето на целите предвидени во декларацијата преку надлежните институциите на државата ќе придонесе за подобрување на состојбите на жените во руралните средини, а со ефективно спроведување на целите преку надлежните институции ќе се придонесе за поголема ефикасност во процесот на родова еднаквост и вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

3.1.9. Ревизијата изврши анализа на состојбата со населените места во Република Северна Македонија согласно податоците од Државниот завод за статистика и утврди дека од вкупно населени места 1781 состојбата е следна:

- 205 населени места се без ниту еден жител, што претставува 12% од вкупните населени места;
- 218 населени места се со помалку од 10 жители, што претставува 12% од вкупните населени места;
- 684 населени места се со помалку од 100 жители, што претставува 38% од вкупните населени места.

Вкупниот број на населени места кои што се напуштени и имаат помалку од 10 или 100 жители е 1107 што претставува 62% од вкупните населени места во Република Северна Македонија. Подетално состојбата со населените места е прикажана на следниот графикон број 3.




Од доставените 20 прашалници и спроведени интервјуа со жените од руралните средини во планските региони на лице место ревизијата утврди дека најголемите проблеми со кои се соочува населението во рурални средини се недостиг на инфраструктура, водовод, канализација, јавен превоз, амбуланти, детски градинки, домови за сместување на стари лица, социјални установи итн. Жените кои живеат во руралните средини кои се во непосредна близина на градовите, им е полесен пристапот до јавните услуги, за разлика од оние кои живеат во подалечните (планински) рурални средини кои немаат организиран превоз до најблиските градови за задоволување на секојдневните потреби, поради што имаат најголем ризик за изумирање.

Исто така, треба да се нагласи дека најголем дел од младите не ја гледаат перспективата за живот во руралните средини и истите ги напуштаат со преселување во урбаните средини или местата каде што имаат подобри услови за живот.

Овие состојби имаат влијание и врз процесот на иселувањето на младите лица на возраст од 15 до 29 години, која е прикажана на следниот графикон број 4 во кој се прикажани споредбени податоци од 2021 година во однос на 2002 година за иселување на младите по општини во државата.

Споредбени податоци за состојбата на младите лица од 15 до 29 години во Република Северна Македонија со пописот од 2002 во однос на пописот од 2021 година.

| Општина | млади (15-29) во 2002 | млади (15-29) во 2021 | процентна разлика | Општина | млади (15-29) во 2002 | млади (15-29) во 2021 | процентна разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маврово и Ростуше | 2,237 | 767 | -65.7% | Охрид | 12,962 | 8,195 | -36.8% |
| Ново Село | 2,497 | 905 | -63.8% | Радовиш | 6,620 | 4,196 | -36.6% |
| Центар Жупа | 1,933 | 763 | -60.5% | Јегуновце | 2,602 | 1,663 | -36.1% |
| Зрновци | 721 | 315 | -56.3% | Желино | 6,814 | 4,355 | -36.1% |
| Виница | 4,784 | 2,320 | -51.5% | Новаци | 621 | 398 | -35.9% |
| Делчево | 4,102 | 1,992 | -51.4% | Ресен | 3,524 | 2,271 | -35.6% |
| Кратово | 2,288 | 1,132 | -50.5% | Битола | 20,665 | 13,320 | -35.5% |
| Лозово | 662 | 336 | -49.2% | Демир Хисар | 1,661 | 1,106 | -33.4% |
| Пехчево | 1,163 | 605 | -48.0% | Кавадарци | 8,924 | 5,959 | -33.2% |
| Чешиново - Облешево | 1,563 | 815 | -47.9% | Прилеп | 16,870 | 11,452 | -32.1% |
| Македонска Каменица | 2,061 | 1,085 | -47.4% | Могила | 1,335 | 909 | -31.9% |
| Кичево | 14,324 | 7,542 | -47.3% | Неготино | 4,485 | 3,120 | -30.4% |
| Дебрца | 936 | 503 | -46.3% | Старо Нагоричане | 804 | 574 | -28.6% |
| Пробиштип | 3,642 | 2,007 | -44.9% | Ранковце | 837 | 598 | -28.6% |
| Крива Паланка | 5,051 | 2,791 | -44.7% | Куманово | 25,771 | 18,720 | -27.4% |
| Гостивар | 20,978 | 11,610 | -44.7% | Брвеница | 3,914 | 2,853 | -27.1% |
| Берово | 3,013 | 1,700 | -43.6% | Крушево | 2,042 | 1,496 | -26.7% |
| Конче | 874 | 494 | -43.5% | Гази Баба | 17,112 | 12,600 | -26.4% |
| Теарце | 5,701 | 3,231 | -43.3% | Росоман | 890 | 670 | -24.7% |
| Свети Николе | 4,159 | 2,375 | -42.9% | Ѓорче Петров | 9,511 | 7,177 | -24.5% |
| Богданци | 1,994 | 1,145 | -42.6% | Кривогаштани | 1,219 | 923 | -24.3% |
| Врапчиште | 6,882 | 3,963 | -42.4% | Карбинци | 804 | 611 | -24.0% |
| Зелениково | 1,058 | 614 | -42.0% | Вевчани | 555 | 428 | -22.9% |
| Дојран | 767 | 450 | -41.3% | Петровец | 2,148 | 1,691 | -21.3% |
| Центар | 9,847 | 5,798 | -41.1% | Тетово | 22,090 | 17,487 | -20.8% |
| Кочани | 8,695 | 5,129 | -41.0% | Пласница | 1,219 | 977 | -19.9% |
| Аеродром | 18,463 | 10,895 | -41.0% | Чучер - Сандево | 2,109 | 1,702 | -19.3% |
| Градско | 855 | 506 | -40.8% | Илинден | 3,828 | 3,147 | -17.8% |
| Демир Капија | 1,016 | 608 | -40.2% | Карпош | 11,447 | 9,490 | -17.1% |
| Валандово | 2,802 | 1,682 | -40.0% | Кисела Вода | 11,827 | 9,844 | -16.8% |
| Велес | 12,738 | 7,787 | -38.9% | Чаир | 15,624 | 13,041 | -16.5% |
| Македонски Брод | 1,443 | 883 | -38.8% | Сопиште | 1,352 | 1,146 | -15.2% |
| Василево | 3,115 | 1,921 | -38.3% | Бутел | 8,613 | 7,401 | -14.1% |
| Гевгелија | 5,226 | 3,241 | -38.0% | Долнени | 3,250 | 2,821 | -13.2% |
| Струмица | 13,212 | 8,270 | -37.4% | Чашка | 1,770 | 1,554 | -12.2% |
| Боговиње | 7,728 | 4,843 | -37.3% | Липково | 6,578 | 5,783 | -12.1% |
| Босилово | 3,195 | 2,005 | -37.2% | Сарај | 9,801 | 8,925 | -8.9% |
| Дебар | 5,216 | 3,284 | -37.0% | Шуто Оризари | 5,956 | 5,955 | 0.0% |
| Штип | 11,223 | 7,076 | -37.0% | Арачиново | 3,271 | 3,340 | 2.1% |
| Струга | 16,356 | 10,320 | -36.9% | Студеничани | 4,883 | 5,127 | 5.0% |

Извор: Државен завод за статистика ; обработка: idei.org.mk

Имајќи ги во предвид наведените состојби, утврдивме дека политиките мерките и проектите на државата не се доволно ефикасни за задржување на руралното население и руралната жена во руралните средини, за што е потребно во наредниот период државата и општините во Република Северна Македонија да преземат итни мерки и проекти за подобрување на овие состојби, како и обезбедување на работни места со цел задржување на населението во руралните средини и создавање на соодветни услови за живот во руралните средини.

3.1.10. **Комисијата за еднакви можности на жените и мажите** на Собранието на ден 02.10.2019 одржала Јавна расправа на тема: Улогата на жените во руралните средини и нивните предизвици. Покрај членовите и замениците членови на Комисијата на јавната расправа биле поканети пратеници на Собранието, претставници на МТСП и МЗШВ, координаторите за еднакви можности на министерствата, локалните комисии за еднакви можности, градоначалниците, претставници на НП, КЗД, ИРС, НФФ, АФПЗРР, АПРЗ, ССК, ФЗНХ, претставници на меѓународните организации, (UN Women), претставници на НВО секторот од оваа област, експерти, како и претставници на Делегација на Европската Унија. На седницата се донесени следните заклучоци:

- подобрување на економската и социјална положба на жените во руралните средини преку зајакнување на ефективноста и влијанието на националните програми за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, законите и стратегиите од областа на родовата еднаквост, недискриминација, земјоделство, рурален и социјален развој;
- креирање на акциски план и промовирање мерки за зголемување на можностите за вработување на жените од руралните средини;
- креирање мерки за признавање на неплатениот труд на жените за грижа на семејството, и наоѓање решенија за жените од руралните средини кои немаат

остварено право на пензија, односно препознавање на неплатениот труд на жените преку измена на законот што предвидува социјална пензија;

- вклучување на родовата перспектива во креирање на мерки, политики и стратегии кои се однесуваат на земјоделството и руралниот развој;
- подобрување на достапноста на јавните услуги (здравствени, образовни, социјални услуги) за жените во руралните средини, кое е во согласност со Целите за одржлив развој;
- измени на Законот за здравствено осигурување со цел остварување на правото на родителско отсуство и боледување на регистрираните земјоделки, односно земјоделци;
- министерството за здравство неопходно е да отпочне инклузивен процес за измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување во кој ќе бидат вклучени и здруженијата на граѓани кои ги застапуваат руралните жени;
- потреба од обезбедување на мобилни матични лекари и амбуланти;
- да се развие стратегија за обезбедување на пристап до право на земјиште и сопственост на жени од рурални средини и да се усвојат мерки за заштита на нивната контрола врз сопственоста и ресурсите од земјиштето, вклучително и преку кампањи на подигнување на свеста за соочување со културни и традиционални модели кои спречуваат еднаков пристап и контрола на земјиште од страна на жените;
- поголемо вклучување на жените од руралните средини во креирањето на политики на локално (преку комисиите за еднакви можности) и национално ниво;
- локалните комисии за еднакви можности на жените и мажите да одржат јавни расправи во соработка со UN Women и со централната власт и да ги промовираат мерките со цел поголема информираност на жените за искористување на планираните средства;
- подобрување на сервисите за превенција и заштита од родово базирано насилство и нивната достапност за жените од руралните средини, вклучително и зголемен број на засолништа за жените кои преживеале родово базирано насилство на разумно растојание од руралните средини и услуги за советување и рехабилитација и пристап до медицинска и психолошка поддршка и
- во рамките на МЗШВ да се формира посебно одделение, кое што ќе се занимава само со жените во руралните средини.

Констатирано е дека во периодот од 4 години од донесување на заклучоците од страна на собраниската комисија за еднакви можности на жените и мажите, сеуште не се преземени конкретни мерки и активности од надлежните институции за нивна реализација.
Ваквата состојба е резултат на бавната динамика во преземањето на конкретни мерки од страна на надлежните институции по донесените заклучоци на комисијата со цел подобрување на состојбата на жените во руралните средини.

### 3.2. Инвестирање во стручно оспособување на жените во руралните средини и поддршка за создавање на работни места

3.2.1. Обуките претставуваат важен дел во процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд кои треба да придонесат за подобрување на знаењата и вештините на жените во руралните средини за вклучување на пазарот на труд.

За таа цел ревизијата изврши анализа на обуките кои ги спроведува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и ја утврди следната состојба:
Во периодот 2019 – 2022 година Агенцијата за вработување има спроведено обуки и тоа:

- обуки за побарувани занаети;
- обука за стручни квалификации според барање на работодавачите;
- обука на работно место за познат работодавач;
- обуки за побарувани занимања и занаети;
- обуки за напредни ИТ вештини;
- обуки за напредни ИТ вештини со кофинансирање;
- основни обуки за ИТ вештини и
- Обука за возачи за Ц и Д категорија

Опфатени се спроведените мерки за обука во периодот 2019 – 2022 година и е утврдено:

- во 2019 година спроведени се обуки за 1.577 лица од кои 841 жена,
- во 2020 година спроведени се обуки за 695 од кои 419 жени,
- во 2021 година спроведени се обуки за 812 лица од кои 453 жени и
- во 2022 година спроведени се обуки за 812 од кои 453 жени.

Разликата со спроведените обуки во 2019 во однос на другите години се должи на обуката за основни ИТ вештини која е спроведена само во 2019 година. Мерката обука за напредни ИТ вештини во наредните периоди не се реализирала, поради што немало заинтересирани спроведувачи на обука.

Агенцијата за вработување не води евиденција на податоци за вклученоста во обуките разделени по род по рурални и урбани средини, при што ревизијата не беше во можност да ја утврди застапеноста на жените од руралните средини во мерките за обуки.
Подетално состојбата со обуките спроведени од Агенцијата за вработување во периодот 2019 – 2022 година е прикажана на следниот графикон број 4.




**Мерките за вработување** претставуваат важен дел во процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд кои треба да придонесат за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

МТСП носи годишни Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во кои се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои треба да обезбедат создавање на нови работни места, поддршка за креирање на нови работни места и зголемување на можностите за вработување на невработените лица, особено на младите, долгорочно невработените и корисниците на право на парична помош од социјална заштита. Неговата имплементација е во надлежност на АВРСМ во партнерство со други одговорни институции. Од 2021 година во Оперативните планови еден од принципите на програмите е поттикнување на рамномерен регионален развој, согласно податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеност на планските региони во Република Северна Македонија. Како општо правило е наведено настојувањето да се постигне еднаква застапеност на мажи и жени, како и учество на младите лица до 29 години од најмалку 30%.

Во периодот 2019 – 2022 година согласно Оперативните планови спроведени се следниве програми и мерки:

– поддршка за самовработување;
– субвенционирање на плати;
– вработување и раст на правни субјекти;
– практиканство;
– општинско корисна работа;
– јавни работи и
– младински додаток.

Ревизијата изврши анализа на податоците од спроведените мерки за вработување или мерките за поддршка на вработувањето во периодот 2019 - 2022 година и утврди

дека во 2019 година спроведени се мерки за 6.074 лица од кои 3.147 жени, во 2020 година спроведени се мерки за 9.977 од кои 4.387 жени, во 2021 година спроведени се мерки за 9.846 лица од кои 4.427 жени и 2022 година спроведени се мерки за 10.226 од кои 4.563 жени. Младински додаток започната е да се спроведува во текот на 2020 година. Ваквата состојба укажува на тренд на зголемување на опфатот на женската популација во мерките за вработување и за поддршка на вработувањето во периодот 2019 – 2022 година.

Подетално состојбата со мерките за вработување и мерките за поддршка на вработувањето е прикажана на следниот графикон број 5.




Утврдивме дека мерките за вработување и обуки се општи и се наменети за сите граѓани во државата, не е вклучена родовата перспектива при креирање на мерките, односно во оперативните планови за вработување нема мерки кои што се прилагодени на потребите и специфичностите на жените во руралните средини и кои што ќе овозможат лесно и брзо вклучување на пазарот на труд, како и мерката поддршка за самовработување не поддржува основање на бизниси во земјоделската дејност со исклучок на органско земјоделско производство.

Извештаите за реализација на Оперативните планови содржат податоци за корисници на мерки разделени по пол, Роми и млади лица, а не постојат податоци разделени по рурални и урбани средини при што не можевме да го утврдиме учеството на жените од руралните средини во овие програми и мерки.

Потребно е да се идентификуваат профилите за кои е неопходна обука и развој на вештини за жените од руралните средини, како и да се спроведат стручни курсеви за жени и девојки во руралните средини, утврдени врз основа на потребите на пазарот на труд и приоритетите на секое рурално подрачје.

Исто така, утврдивме дека АВРСМ не врши следење на ефектот и одржливоста на долг рок на мерките и активностите кои придонеле за оспособување и вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд со цел оценка дали истите придонеле за одржливо вработување.
Ваквата состојба влијае врз процесот на вклучување на руралните жени на пазарот на труд имајќи во предвид дека обуките се еден од најважните елементи за подготвување на жените од руралните средини за вклучување на пазарот на труд.

Подетално состојбата со невработените лица за периодот 2018 – 2022 година – активни баратели на работа е прикажана на следниот графикон број 6.




АВРСМ во 2023 година спровела Анкета за потребата од вештини на пазарот на труд по планските региони во државата. Целта на анкетното истражување било да се обезбедат одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.
Податоците добиени од работодавачите од приватниот сектор кои имаат 7 и повеќе вработени се насочени кон добивање на информации за:

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од занимања на планираните нови вработувања и
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработувања.

Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила. Резултатите не се разделени по рурални и урбани средини.

3.2.2. Во текот на февруари 2023 година Владата има донесено **Програма**[9] **за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност.**
Целта на програмата е да се реализира Мерката за неповратна финансиска поддршка за жените кои вршат земјоделска дејност и имаат статус осигуреник индивидуален земјоделец.
Со оваа програма ќе им биде овозможено користење на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделската дејност поради раѓање, кој надоместок не е опфатен со прописите од областа на работните односи за платено породилно отсуство.
Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 4.000 илјади денари се обезбедени од Буџетот[10] на Република Северна Македонија за 2023 година кои од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој ќе се користат за финансиска поддршка во износ од 81 илјада денари за деветмесечен надоместок за мајчинство на жените кои имаат статус на осигуреник - индивидуален земјоделец стекнат согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување, или вкупниот износ предвиден за оваа мерка може да се искористи за поддршка на 49 жени. Финансиската поддршка од оваа програма се доделува на жена за родено дете во периодот од 1.12.2022 година до 1.12.2023 година и:

- е запишана во Единствениот регистар на земјоделски стопанства како носител или член на семејното земјоделско стопанство,
- семејното земјоделско стопанство во кое членува остварило финансиска поддршка согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година во износ од најмалку 100 илјади денари или има остварен приход од вршење на земјоделска дејност во висина од најмалку 300 илјади денари и
- има непрекинат статус на осигуреник - индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување во времетраење од 12 месеци пред раѓање на детето.

[9]Број 41-1377/5 од 07.02.2023 година
[10]„(Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22) раздел 140.04, програма 2, потпрограма 23, ставка 464 - разни трансфери

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши АФПЗРР врз основа на донесено решение за исплата од страна на директорот на АФПЗРР, најдоцна до 25 декември 2023 година, кој треба заклучно со 31 јануари 2024 година да достави до Владата извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување. Од извршениот увид во поткрепувачката документација на АФПЗРР ревизијата утврди дека се доставени 2 барања за оваа мерки заклучно со 31.07.2023 година и истите до денот на вршење на ревизијата не беа сеуште обработени.

Оваа мерка може да придонесе за подобрување на состојбата на жените од руралните средини, до донесување на законско решение, но имајќи во предвид дека оваа мерка првпат се спроведуваа оваа година и истата треба да се реализира во наредниот период, ефектот од нејзиното спроведување ќе може да се оцени во наредниот период.

**3.2.3.** Владата во текот на 2023 година на седница[11] ја усвоила информацијата за реализација на Проектот **“50 села, 50 приказни”** и го задолжила кабинетот на заменик претседателот задолжен за економски прашања, координација со економските ресурси и инвестиции да формира работна група составен од претставници од надлежни министерства и државни органи со цел подготовка на предлог проект со финансиски план и акциски план со конкретни активности и истиот да го достави до Владата најдоцна до 1 септември 2023 година.
Проектот има цел за интегриран рурален развој кој ги таргетира селата со потенцијал за агротуризам, рурален туризам, социо-економски развој, културно наследство, а со цел нивна развојна компонента, промотивна можност и намалување на миграцијата. Развојот на селата за агротуризам, еко туризмот и планински туризам се од голема важност за развојот и демографската стагнација на истите, имајќи го предвид фактот дека одреден број села низ земјата ќе се идентификуваат и ќе бидат избрани за конкретно да ја промовираат што е можно повеќе идејата за одржлива борба против сиромаштијата, невработеност и изолација поради нивната географска оддалеченост и недостаток на потенцијал за развој на земјоделството и туризмот во нив. Проектот има три развојни компоненти:

- првиот се фокусира на подобрување на јавната инфраструктура. Тоа ќе се постигне преку поддршка за подобрување на патната, јавната и сообраќајната инфраструктура, ревитализација на јавните простори, спомениците на културното наследство итн;
- втората развојна компонента се состои од економски развој преку диверзификација на економската активност преку подобрување на туристичкиот потенцијал во руралните средини, агротуризмот и руралниот туризам, поддршка за локални производи и услуги, локални саеми и фестивали, маркетинг и промоција на областите и неговите производи и создавање на повеќе работни места и
- третиот се фокусира на развојот на човечкиот и социјалниот капитал преку поддршка на рурални мрежи, граѓанското општество, обука на населението

[11]Извадок од нацрт записникот на 151-та седница на Владата одржана на 20.јуни 2023 година.

за локални водичи, заштитата на културното наследство, обичаите и традициите и руралното живеење.

Главната цел е комбинација на сите постоечки фондови во државата и надвор од неа со цел поврзување и заинтересираност на сите институции за развој на туризмот во Република Северна Македонија и привлекување на македонските граѓани кои емигрирале во странство, да инвестираат во руралниот туризам во своите родни села и на тој начин да се намали иселувањето на младите и креирање на зелени работни места. Временска рамка на проектот е четири години, почнувајќи од оваа година до затварање на проектот 2026 година. Ефектите од предложениот проект се:

- зголемен број на туристи;
- ревитализација на туристичката инфраструктура во руралните средини;
- зголемен број на туристички инвестиции во руралните подрачја;
- намалување на негативниот демографски процес во овие рурални места и
- промоција на алтернативни форми на туризам како: агротуризам, авантуристички туризам, гастротуризам, етно туризам, екотуризам, ловен туризам итн.

Во август 2023 година донесено е Решение[12] за формирање на работа група за реализација на проектот **"50 села, 50 приказни"**, а до завршување на ревизијата сеуште нема изработен пилот проект.

Сметаме дека ваквите проекти се од исклучителна важност а нивната реализација треба да биде приоритет на Владата во насока на подобрување на состојбата со руралните средини, нивно заживување како и задржување на населението во овие рурални средини, а со тоа и отворање на нови работни места за жените во руралните средини.

**3.2.4. Ревизијата изврши анализа на активностите предвидени со мерките кои што се спроведуваат согласно** Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој, донесени од Владата за периодот 2018 - 2022 година и утврди дека со програмите предвидени се три мерки и тоа:

- Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини;
- Мерка 322 – Обнова и развој на селата;
- Мерка 323 - Зачувување и унапредување на традиционалните вредност на руралните средини.

Мерките се започнати во 2018 години и истите заклучно со 2023 година во најголем дел се завршени, а се однесуваат за проекти кои се спроведуваат од страна на општините во Република Северна Македонија и планските региони во руралните средини за:

[12] Решение број 40-8430/4 од 29.08.2023 година.

– изградба на водоводна мрежа;
– изградба на канализациона мрежа;
– изградба на локални патишта;
– изградба на пристапни патишта;
– изградба на јавни селски чешми;
– изградба на пешачки патеки и
– реконструкција на домови на културата.

Со анализа на доставената документација ревизијата ја утврди следната состојба:

– За мерката 321 – Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини спроведени се проекти во 66 општини, во 8 плански региони, од кои 1 општина е одбиена, 2 општини ги имаат завршено проектите но сеуште не се исплатени средства и до една општина поднесено е барање за поврат на средства, поради непочитување на договорените обврски од општината.
– За мерката 322 – Обнова и развој на селата спроведени се проекти во 46 општини и 3 плански региони, 9 општини сеуште ги немаат завршено проектите поради склучен Анекс договор со рок на изведување на работите 31 декември 2023 година и за една општина не се исплатени средствата поради неподнесување на барање за исплата во утврдениот рок и
– За мерката 323 - Зачувување и унапредување на традиционалните вредности на руралните средини спроведени се проекти во 44 општини и 5 плански региони, една општина сеуште ги немаат завршено проектите поради склучен Анекс договор со рок на изведување на работите 31 декември 2023 година и за 2 општини поднесено е барање за поврат на средствата, поради непочитување на договорените обврски од општините.

За реализација на овие мерки во периодот 2019 – 2023 година, од страна на АФПЗРР исплатени се средства во вкупен износ од 1.509.371 илјади денари (24.345 илјади евра) во повеќе од 50 општини во државата.

На следниот графикон број 7 прикажани се вкупните средства за кои се склучени договори и исплатени се средства по мерките за целиот период.



За спроведените мерки објавен е еден оглас во 2018 година, во секоја наредна Годишна програма се предвидуваат средства за исплата на обврските по основ на одобрените проекти од овој оглас, односно не се планираат и спроведуваат нови проекти со Годишните програми.
Мерките придонесуваат за подобрување на условите за живот во руралните средини, но потребно е долгорочно планирање и нови јавни огласи за проекти кои треба да се реализираат во наредниот период, при што треба да се има во предвид дека за ваквите проекти е потребно повеќе од една година за нивна реализација, имајќи во предвид дека се работи за инфраструктурни проекти.

Укажуваме дека имајќи во предвид дека условите за живот се еден од најважните критериуми за задржување на руралното население во руралните средини потребно е во наредниот период да се предвидат дополнителни мерки и јавни огласи со Годишните програми со цел спроведување на проекти кои ќе бидат во насока на обезбедување на подобри услови за живот во руралните средини.

Со ИПАРД 2 Програмата била планирана Мерка - Инвестиции во руралната јавна инфраструктура, но истата не е акредитирана за целото времетраење на Програмата поради недостиг на капацитети во АФПЗРР. Имено оваа мерка е предвидена и со новата ИПАРД 3 Програма и истата сеуште не е акредитирана.
Сметаме дека со акредитација и спроведување на оваа мерка ќе се придонесе за подобрување на условите за живот во руралните средини.




Состојба со инфраструктурата во рурална средина с. Фурка Дојран.

3.2.5. Во 2018 година со националната Програма [13] за финансиска поддршка на руралниот развој се спроведува мерката 112 – Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност.

[13] Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 16 од 26.01.2018 година.

Целта на мерката е помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност со обезбедување на неповратна финансиска поддршка за започнување со земјоделска дејност на млади земјоделци, кои за прв пат започнуваат да се занимаваат со земјоделска дејност преку преземање на постоечко земјоделско стопанство или со воспоставување на ново земјоделско стопанство.

Средствата се наменети за инвестиции за набавка на нови основни средства, оперативни трошоци поврзани со набавените средства и останати трошоци предвидени со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година. Максималната вредност на прифатливи трошоци по корисник за Мерка 112 изнесува 600 илјади денари. Средствата се доделуваат за период на реализација на деловниот план и се исплаќаат на годишно ниво во најмногу три рати.

Од извршената анализа на годишните програми, јавните повици, доставената документација и податоци од страна на АФПЗРР ревизијата ја утврди следната состојба:

- во мај 2018 година бил објавен јавниот повик на кој биле поднесени вкупно 1.040 барања за поддршка од кои 425 жени а 625 мажи. Од вкупно поднесените барања за поддршка одбиени се 937 апликанти од кои 383 жени и 554 мажи поради не соодветност на барањата согласно мерката, додека 17 барања од кои 9 жени, а 8 мажи иако се одобрени не се реализирани поради откажување на апликантите. Одобрени се средства во вкупен износ од 44.900 илјади денари од кои 20.000 илјади денари на жени, а 24.900 илјади денари на мажи апликанти;
- во јули 2021 година бил објавен јавниот повик на кој биле поднесени вкупно 111 барања за поддршка од кои 47 жени и 64 мажи. Од вкупно поднесените барања за поддршка одбиени се вкупно 61 апликант од кои 25 жени и 36 мажи поради не соодветност на барањата согласно мерката, додека 10 барања од кои 6 жени а 4 мажи иако се одобрени не се реализирани поради откажување на апликантите. Одобрени се средства во вкупен износ од 22.200 илјади денари од кои 9.200 илјади денари на жени, а 13.000 илјади денари на мажи апликанти;
- во 2019 и 2020 година согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој предвидени се средства за спроведување на мерката 112 кои средства се однесуваат за исплата на неподмирени обврски за реализација на мерката од претходни години;
- во 2022 година согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој предвидени се средства за спроведување на мерката 112, како и направени се измени и предвидено е дека поддршката и финансиската помош може да се додели **во вид на авансна исплата во висина до 40% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци,** но во текот на 2022 година нема спроведено Јавен повик за оваа мерка.
- во август 2023 година спроведен е Јавен повик за оваа мерка со новите измени за авансна исплата во висина од 40%, од вредноста на одобрените прифатливи трошоци.

Подетално бројот на поднесени, одобрени, одбиени барања за Мерката 112 по двата спроведени јавни повици е прикажана на следниот графикон број 8.




Од извршените споредби на спроведените Јавни повици во 2018 во однос на 2021 година утврдивме дека се намалува бројот на понесени барања, како и се намалува бројот на одобрени барања за користење на мерката 112, а од извршените интервјуа и доставени прашалници **жените од руралните средини сметаат дека постапката е премногу спора, долга и сложена и потребна е обемна документацијата**, а процесот од аплицирање до одобрување и исплата на одобрените средства трае долг период, а потребно е инвестирање на сопствени средства, пред да ги добијат средства за кои аплицирале.

МЗШВ нема спроведено анализа за ефектот од оваа мерка, односно нејзиното влијание во зајакнување, зголемувањето на бројот на млади земјоделци кои започнале со земјоделска дејност, како и влијанието на оваа мерка врз процесот на вклучување на младите земјоделци во започнување со земјоделска дејност, со цел утврдување на потребите од интервенции во мерката и покрај периодот од повеќе од 5 години од кога се спроведува оваа мерка.

Следењето на реализацијата на мерката и ефектот треба да покаже дали мерката има позитивно влијание односно дали со оваа мерка се постигнало зголемување на бројот на млади земјоделци кои започнале со земјоделска дејност, дали има ефект и одржливост на долг рок и дали мерката придонела за задржување на младите во руралните средини, како и насоки за подобрување или изменување на мерката во насока не нејзина поголема ефикасност и постигнување на поголем ефект.

3.2.6. Со Оперативниот план на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за период 2017 - 2020 година, била предвидена мерка за обезбедување на поддршка во висина од 70% од износот на минималната нето плата во државата за **активен женски член во земјоделското домаќинство** кое треба да ги исполнува следниве услови: возраст до 40 години за стекнување на правото на поддршка, во брак со член на земјоделско стопанство и мајка на најмалку едно дете, невработена, домаќинка и активно го одржува земјоделското домаќинство кое е во населено место со помалку од 200 жители. Поддршката била планирана да се реализирана како директни плаќања или покривање на износот на задолжително осигурување. Оваа мерка е предвидена и со Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период 2018 - 2022 година, како поддршка на активен женски член во земјоделското стопанство. Условите за аплицирање на оваа мерка биле изменети, како резултат на утврдени дискриминирачки критериуми за жените од руралните средини, но не е направена измена во Оперативниот план и Националната програма.

Во 2019 година со Програмата[14] за изменување и дополнување на програмата за финансиска поддршка на руралниот развој била воведена за прв пат родово одговорна мерка **115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство.**

Оваа мерка се спроведува согласно Законот за земјоделство и рурален развој како неповратна финансиска поддршка за инвестиции кои ќе придонесат за развој на руралните средини и ќе се доделуваат на женски член на земјоделско стопанство, запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

Мерката ги поддржува земјоделските стопанства чиј носител е жена со финансиска поддршка од 3.000 евра за инвестиција што ќе додаде вредност на нивното производство и вештини и ќе поттикне активности од кои ќе произлегуваат приходи.

Во ноември 2019 година беше објавен јавниот повик на кој биле поднесени вкупно 402 барања за поддршка од кои 250 биле подобни да добијат грант, а 242 ја продолжиле постапката за барање на финансиска поддршка во износ од 35.949 илјади денари. Одбиени се вкупно 152 апликантки од кои 27 заради некомплетност на документација, а 125 заради несоодветност на барањата согласно мерката. Реализацијата на исплатата на финансиските средства предвидени со мерката е завршена во септември/октомври 2022 година за 131 жена.

Во 2020 година со Програмата биле предвидени само средства за исплата на заостанати обврски од мерката спроведена во 2019 година.

Во 2021 година, иницијално биле предвидени 18.000 илјади денари, со измени и дополнување на Програмата[15] средствата се зголемени на 40.000 илјади денари, за на 26.04.2021[16] година истите се намалат и останат само 1.000 илјади денари за неподмирени обврски од минати години.

---

[14] Службен весник на Република Северна Македонија број 153 од 26.07.2019година.
[15] Службен Весник на Република Северна Македонија број 79 од 08.04.2021 година.
[16] Службен Весник на Република Северна Македонија број 92 од 08.04.2021 година.

Во 2022 година согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој беше објавен вториот јавен повик со кој финансиската поддршка се зголеми на 6.000 евра а беа поднесени значително помалку барања за поддршка во однос на 2019 година. Имено само 135 жени побарале поддршка, од кои 5 се откажале, а одобрени се 65 барања за поддршка во износ од 17.539 илјади денари. Од 65 одобрени апликации, барање за исплата доставиле 45 жени, од кои 29 се реализирани, една корисничка се откажала, една е несоодветна за исплата, а останатите 14 сеуште се во обработка имајќи во предвид дека рокот за поднесување на барање за исплата беше до 31.12.2023 година.

МЗШВ нема спроведена евалуација на мерката со цел утврдување на потребите од евентуални интервенции во мерката, како и следење на ефектот од истата.

Со поддршка од UN Women, издадена е публикација за зајакнување на улогата на жените во земјоделството од страна на **Факултетот за земјоделски науки и храна** , во рамки на проектот „Кон родово одговорни политики и буџети во земјоделството и руралниот развој“ при што е спроведена анализа за ефектот од мерката **115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство** , односно нејзиното влијание во зајакнување на жените. Анализата е спроведена врз основа на случаен избран примерок од 300 жени во различни статистички региони во земјата поделени во три групи и тоа: контролна, (100 жени кои не поднеле барање за мерката 115) одбиена (100 жени кои поднеле барање но биле одбиени) и одобрена (100 жени кои поднеле барање за мерката 115 и добиле финансиска поддршка).

Наодите од истражувањето покажале дека 63,5% од примерокот поднеле барање за мерката, од кои 66,4% го добиле грантот, 61% оствариле приход од инвестицијата, а главна причина за оние кои не оствариле приход е дека не ја користат опремата, 93.5% сметаат дека мерката е успешна во однос на зајакнување на нивната положба. Анализата покажала и дека нискиот износ на финансиски средства за покривање на инвестицијата е главната причина за оние кои сметаат дека мерката не е успешна алатка за зајакнување. Ставовите и перцепциите на жените се дека задоцнето исплаќање на мерката има негативен публицитет за успешност на мерката и дека истото влијаело и на намалување на бројот на жени кои не поднеле барање во вториот повик. Истакнато е и дека 11% од испитаниците не можат да ја користат мерката поради зголемени цени и долг рок на плаќање како и дека 9% од нив немаат доволно финансиски средства за инвестицијата. Главните заклучоци од студијата се дека нема директен ефект на интервенциите од политиките врз зајакнувањето, но има позитивно влијание врз ставовите на жените, генерирање приходи и зајакнување на нивната положба во домаќинството. Спроведените интервенции од политиките треба редовно да се евалуираат, и во краткиот временски интервал помеѓу интервенцијата и мерењето на зајакнувањето не можеше да се утврдат никакви ефекти, наведено во студијата. Затоа се препорачува пилот тестирање пред спроведување на мерките па дури потоа да се применат во поголем обем.

Од страна на работна група за родова еднаквост и зајакнување на жените и експертскиот тим од проектот дадени се предлози до МЗШВ за промена во насловот на мерката да гласи „Поддршка за жена - носителка на земјоделско стопанство или

жена активна членка на земјоделско стопанство“ со цел да се опфатат жени кои имаат различно ниво на зајакнатост и потреба за поддршка, како и интервенции во потребните услови и критериуми за жена – носителка на земјоделско стопанство и жена - активна членка на земјоделско стопанство.
Воедно предложено е да се воведе авансна исплата од 40% по склучувањето на договорот за мерката 115.

Подетално состојбата со бројот на поднесени, одобрени, откажани барања, одбиени и реализирани барања за мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделско домаќинство е прикажан на следниот графикон број 9.




Сметаме дека со редовно спроведување на оваа мерка, проширување на опфатот и за жена - активна членка на земјоделско стопанство како и со предвидување на авансна исплата може да придонесе кон зголемување на бројот на жени апликанти за оваа мерка со што ќе влијае на нивната зајакнатост и генерирање на повеќе приходи на жените кои се занимаваат со земјоделство како и подобрување на целокупните резултати од работењето на земјоделското стопанство и достигнување на повисоки стандарди од минималните утврдени со законите од областа на земјоделството или ново воведените стандарди од областа на земјоделството.

3.2.7. **Во ИПА програмата за рурален развој 2014 - 2020 година** предвидена е мерката **Диверзификација на фармите и развој на бизниси**. Според SWOT[17] анализата која е дел од ИПАРД Програмата утврдено е дека земјоделските активности сами по себе, не се во можност да обезбедат соодветни приходи за руралните жители, затоа се предвидува мерки за разновидност на приходите од земјоделството, со воведување на разновидни економски активности во руралните средини. Согласно анализата во програмата најновите трендови на опаѓање на вработувањата во земјоделството, шумарството и рибарството на национално ниво,

[17] Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани.

со недостиг на соодветни опции за наоѓање вработување во други сектори за оние земјоделци кои ја намалуваат земјоделската дејност или престануваат да се занимаваат со земјоделска дејност, претставуваат ризик за развој на руралните средини. На подолг рок, постои очекување дека сопствениците на малите фарми се оние кои се изложени на ризик за престанок со нивните активности, поради притисокот од комерцијалното земјоделство и развојот на преработувачкиот сектор и пазарните синџири, кои наметнуваат строги барања за квалитет. Претприемништвото во руралните области е попречено со недостиг на капитал и недоволен пристап за развој на бизнисот. Ограничениот инвестициски потенцијал на руралните актери, неразвиени форми на разновидна соработка, недостигот на информации и консултации за предностите на претприемничките активности, ориентацијата на услугите во локалниот пазар, малата побарувачка на стоки и услуги кои се должат на пониските стандард на живеење на руралното население, го попречува создавањето на бизниси и развојот во руралните средини. Конкурентноста на земјоделството и руралните средини е ограничено со несоодветниот квалитет и пристапувањето до основната инфраструктура и услуги за економијата и руралното население. Обезбедувањето услуги е исто така и показател за квалитетот на животот на руралното население. Според тоа, поддршката за започнување нов бизнис и развој на формираните микро и мали претпријатија е важен инструмент за подобрување на конкурентноста и создавање работни места во руралните средини. Потребна е поддршка за да се унапреди економската состојба на руралните средини (во кој доминираат трговски активности и изградба) со други стопански дејности и услуги кои пак создаваат работни места и кои значително го подобруваат квалитетот на животот, особено за младото население во руралните подрачја. Потенцијалот на туризмот во руралните средини е недоволно искористен иако постои зголемена побарувачка за рурален туризам кај домашните туристи, како и кај странските туристи кои се во посета за да ги истражуваат природните, културните и традиционалните убавини на земјата[18]. Оттука, целта на ИПАРД мерката е да се обезбеди поддршка за инвестиции во руралните подрачја насочени кон формирање и развој на алтернативни економски активности во руралните подрачја, промовирање на претприемништвото и деловен развој за неземјоделски производи, подобрување на пристапот до услугите за земјоделските домаќинства и руралното население и промовирање на руралниот туризам. Севкупната цел на оваа мерка е поттикнување на вработувањето по критериумот на нови работни места, одржување на постоечките работни места, а со тоа подигнување на нивото на економска активност во руралните подрачја, подобрување на квалитетот на животот и спречување на раселувањето од руралните подрачја. Диверзификацијата е неопходна за пораст, вработување и одржлив развој во руралните подрачја, а со тоа таа придонесува на подобриот територијален баланс, како на економски, така и на социјален начин.
Во ИПАРД Програмата е утврдено дека **приоритет се дава со дополнителен број на бодови** доколку барателот има повеќе од 18 години, а помалку од 40 години или

[18] ИПАРД Програма 2014 – 2020 година.

барањето за поддршка е **поднесено од жена** или претставник на микро претпријатие. Исто така приоритет со дополнителни бодови се дава и на проекти за промовирање на самовработување или вработување на членови на семејството или проекти за промовирање на работни места во руралните средини. Финансирањето на проектите е до 65% од вкупните прифатливи трошоци на инвестициите. Минималните вкупни прифатливи трошоци за предложен инвестициски проект е 3.000 евра, а максималните вкупни прифатливи трошоци предложени за инвестициски проект нема да надминуваат 1 милион евра.

Со ревизијата беа опфатени јавните повици за мерката Диверзификација на фарми и развој на бизниси, објавени во 2019 и 2021 година, со реализација до 31.07.2023 година.

Во 2019 година, од вкупно 43 договори склучени со физички лица, склучени се 9 договори со жени од кои 7 се за инвестиции во алтернативно земјоделско производство - мерка пчеларство. Склучени се вкупно 35 договори со правни лица од кои 13 се со овластени лица-жени од кои 8 договори се однесуваат за инвестиции во производство на непрехранбени производи, 2 се однесуваат на инвестиции во производство на прехранбени производи и пијалаци, и тоа колачи, тестенини пекарски производи и зачини и билки, 1 за инвестиции во обезбедување на услуги во земјоделството - воспоставување и унапредување на ветеринарните служби и 2 се однесуваат за инвестиции во рурален туризам - комбинирани услуги за сместување и угостителски услуги.

Во 2021 година од вкупно 58 договори склучени со физички лица, склучени се 16 договори со жени од кои 15 се однесуваат за инвестиции во алтернативно земјоделско производство и тоа 14 за пчели од кои 2 не се реализирани а 1 за одгледување на билки, семиња и други зачински и ароматични растенија како и 1 договор за инвестиции во услуги за руралното население - обука и образовни центри за било која професија, хоби, спорот и др. Склучени се 53 договори со правни лица од кои 12 се со овластени лица-жени од кои 7 договори се однесуваат за инвестиции во производство на непрехранбени производи од кои две не се реализирани, а два се во обработка, три се однесуваат на инвестиции во производство на прехранбени производи и пијалаци, и тоа колачи, тестенини пекарски производи и зачини и билки од кои една не е реализирана, една за инвестиции во обезбедување на услуги во земјоделството - воспоставување и унапредување на ветеринарните служби и еден за инвестиции во рурален туризам - туристичко сместување во внатрешен простор или на отворено, инвестицијата не е реализирана.

Со ИПАРД Програма за рурален развој 2021 - 2027 година повторно е предвидена мерката Диверзификација на фарми и развој на бизниси во која се зголемува износот на минималните вкупни прифатливи расходи на инвестицискиот проект од 3.000 евра на 5.000 евра, и се зголемува максималната вкупна финансиска поддршка што треба да се додели на примателот според оваа мерка на 1.500 илјади евра за целиот период на спроведување на Програмата .

Од спроведените јавни повици во 2019 и 2021 година може да се забележи дека најголем дел од барањата за финансиска поддршка од жени се однесуваат за

пчеларство, и просекот на вкупно прифатливи трошоци на одобрените корисники на финансиска поддршка за пчеларство изнесува 241 илјада денари, што укажува на тоа дека повеќето жени аплицираат за мерка која нема голема инвестиција поради тоа што поддршката се исплаќа од како инвестицијата ќе биде реализирана.

Подетално состојбата со број на склучени договори, прифатени средства по договор, кофинансирана сума и исплатени средства е прикажана на следниот графикон број 10.




Подетално состојбата со мерка 7 по инвестиции во приоритетен сектор е прикажана на следниот графикон број 11.



Може да се забележи дека 95 договори, односно 50% од склучените договори се однесуваат за инвестиции во алтернативно земјоделско производство, од кои 89 се за пчеларство. Просечниот износ на признаените трошоци за пчеларство согласно договорите изнесува околу 339 илјади денари. Само еден договор е склучен за мерката инвестиции во занаетчиски дејности, како и за инвестиции во услуги за руралното население има вкупно три договори од кои инвестицијата во 2019 година не е реализирана.

Исто така, најголем број на апликации се поднесени за инвестиции во алтернативно земјоделско производство особено за пчеларството кое доминира со околу 92%. Најмала заинтересираност има кај инвестициите за занаетчиски дејности и кај инвестициите во услуги за руралното население. Од вкупно поднесените апликации во 2019 година само 24 се од жени од кои 19 за пчеларство, а во 2021 година поднеле 38 апликации од кои 29 се за пчеларство. Одбиени апликации се вкупно 302 од кои 35 се жени, а се откажале по аплицирањето вкупно 18 од кои 2 се жени.

Во ИПА Програмата за рурален развој 2021 - 2027, како новина се предвидува пред финансирање, односно изменет е и начинот на исплата на одобрените средства за одобрените проекти. Се предвидува авансна исплата на средства и тоа до 50% од сумата со самото склучување на договорот за проектот, но за оваа авансна исплата да се реализира, потребно е да се достави банкарска гаранција или еквивалентна гаранција која одговара на 110% од износот на авансот.

Состојбата во руралните области покажува дека многу мал процент од жените се носители на сопственички права, и тоа 4,07% од жените се сопственици на имот, наспроти 95,9% кај мажите, кај 21,96%, нивните родители се сопственици на имотот. Во однос на сопствеништвото на земјиштето, 12,01% од жените се сопственици на земјиштето, а 87,99 од мажите се сопственици на земјиштето.[19]
Имајќи во предвид дека жените во руралните средини претежно не се финансиски независни и не поседуваат имот на свое име, останува предизвик дали и колку од нив ќе можат да си дозволат да ја искористат оваа авансна исплата која е условена со доставување на банкарска гаранција.

### 3.3. Инвестирање во јавни услуги во руралните средини (згрижување на деца во детски градинки и домови за сместување на стари лица):

**3.3.1.** Како еден од најважните предуслови за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд е руралните средини да располагаат со **објекти за детска заштита.** Од тие причини ревизијата изврши анализа на состојбата со детските градинки во руралните средини и утврди дека МТСП согласно Законот за извршување на буџет носи Годишни програми за изградба, опремување и

[19] Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2021 година.

одржување на објекти за детска заштита. Со увид во годишните програми за период 2019 - 2023 година и нивните измени и реализација ревизијата го утврди следното:

- во програмата за 2019 година предвидени се изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Брвеница, Босилово, Лозово, Демир Капија, Куманово, Гази Баба, Врапчиште, Ѓорче Петров, Штип, Крива Паланка и Росоман, како и за исплата на обврски за проекти започнати во 2018 година;
- во програмата за 2020 година предвидени се изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Сопиште, Василево, Делчево, Струмица, Гостивар Ѓорче Петров, Гостивар село Бањица, Свети Николе , Илинден и Чаир како и за исплата на обврски за проекти започнати во 2019 година;
- во програмата за 2021 година предвидени се изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Битола, Могила, Росоман, Свети Николе село Ерџелија, Гевгелија, Дебар, Гази Баба и Берово како и за исплата на обврски за проекти започнати во 2020 година;
- во програмата за 2022 година предвидени се изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Делчево, Карбинци село Таринци, Битола, Прилеп, Ѓорче Петров и Велес како и за исплата на обврски за проекти започнати во 2021 година;
- во програмата за 2023 година предвидени се изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во општина Крива Паланка, Велес, Кисела Вода и Берово, како и за исплата на обврски за проекти започнати во 2022 година;
- Се изработуваат полугодишни и годишни извештаи за реализација на програмата но истите не содржат податоци за реализирани средства по активност согласно годишните програми, туку само вкупната вредност реализирана за целата програма.

На следниот графикон број 12 е прикажана подетално состојбата со планираните и реализираните средства за изградба и реконструкција на објекти за детска заштита, по години во периодот 2019 - 2023 година, од страна на МТСП и општините.




Од извршената анализа за периодот 2019 – 2022 година во делот на изградба, реконструкција и проширување на капацитети за објекти за детска заштита во руралните средини ревизијата утврди дека изградени се 17 нови објекти за детска заштита со капацитет на деца од 1.533 за што се реализирани средства во вкупен износ од 445.614 илјади денари, во тек на изградба се 8 објекти за детска заштита со капацитет на деца од 761 и извршени се реконструкции, адаптации доградби на објекти за детска заштита со капацитет на деца од 1.435.

На следниот графикон број 13 е прикажана детално состојбата со изградените објекти објектите кои што се во тек на изградба и капацитет – број на деца за сместување во руралните средини.



Не е изработена анализа по рурални средини за утврдување на потребата од изградба на установи за згрижување на деца од предучилишна возраст со временски рокови, надлежни институции и потребни финансиски средства.

Ваквата состојба укажува дека државата презема мерки за изградба на нови и проширување на капацитетите на објектите за детска заштита во руралните средини, но потребно е во наредниот период продолжување и интензивирање на овие активности со цел подобрување на состојбите во руралните средини, со недостигот на објекти за згрижување на деца и олеснување на процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд.

3.3.2. Високата неактивност на пазарот на труд кај жените во земјата а особено кај жените од руралните средини главно се поврзува со сè уште постоечката традиционална улога на жената во семејствата. Ова првенствено се однесува на нивните обврски во домаќинството, грижата за семејството, децата и **постарите лица**.

Со ревизијата утврдивме дека во државата постојат пет **јавни установи за сместување на стари лица** во Скопје, Куманово, Прилеп, Битола и Берово. Вкупниот капацитет на овие домови е 637 легла, од кои само една е регистрирана како јавна здравствена установа - Геронтолошки завод во Скопје.

МТСП согласно Законот за извршување на буџет носи годишни програми за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица. Со увид во годишните програми за период 2019-2023 година и нивните измени и реализација ревизијата го констатираше следното:

- во програмите за 2019 и 2020 година не се предвидени активности за изградба, опремување и одржување на домови за стари лица;
- во програмата за 2021 година предвидени се две активности за набавка на опрема во дом за стари лица во Пробиштип и за изградба и опремување на нов дом за стари лица во Кочани, активност која не е спроведена.
- во Програмата за 2022 година се пренесуваат активностите за изградба и опремување на домот за стари лица во Кочани но истите не се спроведени. Со измена на програмата се предвидува реконструкција и адаптација на деловен простор на дом за стари лица во Берово која е започната во тековната година;
- со програмата во 2023 предвидени се средства за обврските од 2022 година за домот за стари лица во Берово како и предвидена е нова активност за изведување на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена за дом за стари лица во Пробиштип. Во Програмата за 2023 година не е превидена активноста за изградба на нов дом во Општина Кочани;
- се изработуваат полугодишни и годишни извештаи за реализација на програмата но истите не содржат податоци за реализирани средства по активност согласно годишните програми, туку само вкупната вредност реализирана за целата програма.

МТСП во 2015 година, има донесено процедури и мерки за поттикнување на изградба и отворање на домови за стари лица, во кои е утврдено дека најголем процент на старото население има во Пелагонискиот регион и тој изнесува 20,8%. По него следат Вардарскиот, Источниот и Југоисточниот регион со 18,1% старо население. Најмал процент на старо население има во Полошкиот регион и изнесува 12,2%. Најголемиот број од приватните домови се лоцирани на територија на Град Скопје, односно од 15 домови, 14 се во Скопје, а само еден во Неготино. Од тука се јавува потребата за проширување на капацитетите за сместување и во другите општини во Република Северна Македонија. Како мерки за поттикнување предвидени се:

- продажба на градежното земјиште со почетна цена од едно евро за м$^2$ со намена за изградба на установи за социјална заштита на стари лица со утврдени локации по општини;
- посочени објекти од општините кои може да се дадат под долготраен закуп или понудат за јавно –приватно партнерство - со намена отворање на домови за стари лица – со прилог табела на објекти;
- намалување на цената на комуналните такси за 95%;
- обезбедување на поволни кредитни линии преку Македонската банка за поддршка на развојот за изградба на установи за стари лица;
- поволности што се нудат преку АВРСМ и преку Агенцијата за поттикнување на претприемништвото;
- обезбедена законска можност странски државјани да ги користат домашните капацитети за згрижување, односно да регулираат престој по основа згрижување во дом за стари лица.

Ревизијата направи анализа на приватните установи за стари лица  и утврди дека сместување обезбедуваат 40 приватни установи за социјална заштита на стари лица со капацитет од 1.637 легла и тоа:

- 31 дом за стари лица се во Скопски регион, од кои еден не работи повеќе (30 легла), а само седум од нив се во рурална средина (Сопиште, Илинден и Петровец) со вкупен капацитет од 1284;
- еден во Неготино со капацитет од 98 легла;
- два во Битола со капацитет од 73 легла;
- еден во Радовиш со капацитет од 31 легло;
- три во Струмица од кои два се во рурална средина со капацитети од 102 легла;
- еден во Гостивар со капацитет од 30 легла и
- еден во Кавадарци со капацитет од 19 легла.

Во изготвениот Национален акциски план 2022 - 2024 година за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2021 - 2027 година во целта подобрен квалитетот на работа на жените предвиден е индикатор - изградба на домови за стари лица во руралните средини, но не се предвидени активности за постигнување на целта, имено не е утврдено во колку и во кои рурални средини ќе се градат домови.

Ревизијата утврди дена недостигот од институционални механизми за долгорочна грижа за старите лица, особено е проблематично за руралните средини, каде што исто така недостига и пристапот до специјализирани здравствени установи. Државните домови кои е поекономични за населението за разлика од приватните, не се доволни за да се задоволат потребите.

И покрај донесените мерки за поттикнување на изградба и отворање на домови за стари лица на целата територија на Република Северна Македонија, сепак околу 78% од приватните домови за стари лица се отворени и функционираат на територијата на Скопскиот регион. Само во шест други градови има отворено домови за стари лица со вкупен капацитет од 353 легла што не е доволно да се задоволат потребите.

3.3.3. Ревизијата изврши анализа на начинот на доставување на апликации за поднесување на барање за одобрување на мерките кои се спроведуваат од страна на АФПЗРР и утврди дека сеуште доставувањето на барањата до АФПЗРР се врши преку архивата или пошта, односно нема електронски систем за аплицирање за мерките од ИПАРД Програмата кои се спроведуваат преку АФПЗРР.

Во април 2019 година започнати се активности во рамките на IPA II 2015 проект со наслов **„Прилагоден софтвер за Интегриран систем за администрација и контрола за поддршка во земјоделството и руралниот развој“.**

Имплементацијата на истиот е предвидено да се спроведе во период од 24 месеци со цел на МЗШВ да и се овозможи пристап до стандардни групи на извештаи/податоци кои ги води АФПЗРР, а се однесуваат на индикаторите поврзани за спроведување на мерките за поддршка во земјоделството.

Согласно договорот[20] целта на проектот е да се подобри интероперабилноста и ефективноста на системот преку развој на нов Интегриран систем за администрација и контрола (ИАКС) софтвер во АФПЗРР. Целта на овој проект е да ги развие и интегрира сите елементи на софтверот кој го поддржува целиот процес за апликација за помош, обработка на апликации и контрола на користење на националните земјоделски фондови во обласга на директни мерки за поддршка (вклучувајќи ги и руралните области развојни мерки) и мерки за поддршка на пазарот.

Ова ќе вклучува единствен систем за евидентирање на идентитетот на секој корисник на поддршката, поднесување на апликација за помош, административни контроли, LPIS вклучувајќи апликација за геопросторна помош, анализа на ризик, on-the spot контрола на самото место, овластување за плаќања и известување во согласност со барањата на ЕУ и меѓународни стандарди.

Временскиот рок за наведениот проект е завршен и се очекува извештај од страна на Европската делегација во Република Северна Македонија, а програмата за финансиска поддршка во руралниот развој не била опфатена со проектните активности. Имено мерките од програмите за рурален развој не се предвидени да бидат дел од овој проект.

[20] ANNEX B II – TOR (final).doc 15 јануари 2016 година.

Истакнуваме дека одвивање на процесот надвор од електронски систем не обезбедува автоматизација на самиот процес како и човечкиот фактор има влијание при обработка на апликациите. Исто така на овој начин се отежнува работата на АФПЗРР имајќи ги во предвид кадровските капацитети со кои располага АФПЗРР како и ризикот од субјективност во процесот на обработка на овие податоци.

Во оваа насока укажуваме дека потребно е започнување на постапка за развој или набавка на специјализирано софтверско решение за обработка на примените апликации за поднесување на барање за одобрување на мерките од ИПАРД Програмата кои ги спроведува АФПЗРР, а кое ќе содржи што е можно повисоко ниво на автоматизација на процесот, или во рамките на проектот кој што се спроведува да се иницира поставување на модул кој што ќе може да се користи за оваа намена.

3.3.4. Ревизијата изврши анализа на **Годишните извештаи на единиците на локална самоуправа**[21] доставени до МТСП од страна на 62 општини и утврди дека 25 општини преземаат определени мерки и активности во насока на подобрување на состојбите на руралната жена и тоа во делот на:

- организирање на трибини на тема жена земјоделец и менаџер, помош за комплетирање на документација за регистрирање на земјоделска фирма
- поттикнување на руралната жена за стекнување со средно образование;
- донесување на програма за општо корисна работа за ангажирање на невработени лица за 2021 - 2022 година за грижа на стари лица;
- донесување на нова Стратегија за унапредување на родовата еднаквост со Акциски план и стратешка цел економско засилување на жените - олеснет пристап на жените до пазарот на трудот (промотивни мерки за активно мерки за вработување);
- подобрување на патната инфраструктура;
- зајакнување на капацитетите на жената преку обуки и едукација, подигање на свеста на жената за нејзината улога за неплатениот труд и подобрување на информираноста на жените за регулирање на статусот земјоделец и пристапот до ИПАРД;
- обезбеден превоз за деца со посебни потреби до дневен центар;
- изградба на патишта за пристап од руралните средини до општината;
- објавување на конкурс за учество на жени за обука за развој на вештини и знаења за развој на бизнис идеа и бизнис план претприемништво, менаџерски вештини и дигитален маркетинг;
- обезбедување на социјална заштита на старите лица преку воспоставување на сервиси во домашни услови, обезбедување на социјална заштита на лица со посебни потреби и изградба на улици во населени места;
- спроведување на обуки за негувателки на стари лица и лица со попреченост во домот;

[21] Годишни извештаи на ЕЛС за напредокот на состојбата со еднаквите можности на жените и мажите за 2021 година.

- соработка со НВО со главна цел олеснат пристап на жените во руралните средини на пазарот на трудот и економско јакнење на руралните жени, подигнување на свеста и знаењето на жени ракотворки за претприемништво преку обуки и нивно излегување на пазарот на трудот;
- реконструкција и адаптација на простории во детска градинка, реновирање на дневниот центар за стари лица и пензионери и изградба и реконструкција на земјоделски пат и локални рурални улици;
- јавна презентација подобрување и унапредување на положбата на жената во женско претприемништво;
- во локалниот акциски план воведени се економски мерки и активности кои придонесуваат кон поттикнување на женското претприемништво и економското зајакнување на жени со посебен акцент на ранливи категории во кои влегуваат жените од руралните средини;
- мерка за грижа и нега на стари изнемоштени лица и центри за ран детски развој;
- проект за стекнување на нови вештини од областа на претприемништво, маркетинг и дигитален маркетинг наменет за жени кои се долгорочно невработени или ја изгубиле својата работа во време на пандемија и жени од маргинализирани групи;
- програма за општо корисна работа давање помош на стари лица;
- отворање на дневен центар за деца со попреченост;
- проект за давање на помош и нега на стари лица во домот од страна на обучени негувателки ангажирани на една година со можност за негово продолжување;
- обезбедување на превоз на ученици од 6 до 9 одделение во руралните средини, и
- изградба на четири детски градинки.

Ваквата состојба укажува дека во 2021 година само 40% од општините преземале конкретни активности во насока на подобрување на состојбите со руралните средини и состојбите со жените од руралните средини.

Само со постојана и целосна посветеност на сите чинители во општеството процесот на унапредување и развој на руралните средини, како и родовата рамноправност на жените од руралните средини и нивна инклузија на пазарот на труд **може да биде успешен.**

3.3.5. Ревизијата како дел од својата работа изврши и **теренска посета на жени од руралните средини во планските региони** во државата со цел добивање на информации со кои проблеми се соочуваат жените од руралните средини во своето живеење, како и во процесот на вклучување на пазарот на труд. Од извршената теренска посета, спроведените интервјуа со жените од руралните средини во осумте плански региони и доставените 20 прашалници преку НФФ, ревизијата ги утврди следните состојби:

- најголем дел од руралните жени немаат во своја сопственост имот, земјоделско земјиште, и земјоделска механизација;
- најголем дел сметаат дека не може да се живее од земјоделството и дека земјоделството може само да биде како дополнителна дејност за остварување на дополнителен приход;
- скоро сите рурални жени наведоа дека еден од најголемите проблеми за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд е недостигот на детска градинка или организиран превоз до најблиските детски градинки, како и недостиг на домови за сместување на стари лица;
- недостигот на амбуланти и матични лекари скоро во сите рурални средини е проблем за што жените од руралните средини мораат да патуваат во најблиската општина, град или населено место за да ги остварат своите права на здравствена заштита;
- недостиг на банка, пошта и можности за социјален живот во руралните средини;
- дел од руралните жени работат во индустриските зони кои се наоѓаат во близина на руралната средина, од кои најчесто се младите;
- во однос на мерките од националните програми и ИПАРД програмата сметаат дека постапката е премногу спора, долга и сложена и потребна е обемна документацијата, а процесот од аплицирање до одобрување и исплата на одобрените средства трае долг период;
- проблем е пласманот на земјоделските производи и ниските откупни цени, кои не можат да ги покријат трошоците за производство;
- пристапот до права од економска, социјална и здравствена заштита за жените од руралната средина не е еднаков со жените од урбаните средини;
- потреба од поголема вклученост во процесот на одлучување и креирање политики на локално и национално ниво;
- при аплицирање и одобрување на некоја од мерките кои ги спроведува АФПЗРР руралните жени се откажуваат поради тоа што претходно со сопствени средства треба да се финансираат, а потоа да ги добијат одобрените средства;
- подобрување на условите за живот кои се едни од најважните за некој да може да живее во рурална средина;
- дел од руралните жени се едуцираат за надлежностите на локалната самоуправа и одржување средби со локални чинители го следат периодот кога се предлагаат буџет во општината која е дел од руралната средина со цел нивните барања и потреби да бидат ставени во програмите и буџетот на општината;
- сметаат дека стручните служби треба да бидат повеќе присутни на терен со цел поддршка на земјоделците;
- голема поддршка имаат од Националната федерација на фармери кои им организираат панел дискусии, конференции, обуки, ги известуваат за мерките и јавните повици кои ги спроведуваат надлежните институции во државата од кои најчесто АФПЗРР.

– сметаат дека е потребно поголема самодоверба на самата личност, поддршка од семејството континуирана надоградба, учење, обуки, размена на искуства, информации, како и поголема поддршка од државата во процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд,

Ваквата состојба ја наметнува потребата од преземање на мерки и активности од страна на надлежните институции во наведените области во рурални средини со цел надминување на проблемите и бариерите со кои се соочуваат жените од руралните средини во секојдневниот живот, во насока на подобрување на ефикасноста на процесот на нивно вклучување на пазарот на труд, задржување во руралните средини и запирање на процесот на иселување.
Укажуваме дека теренските посети од страна на надлежните институции можат да помогнат во насока на утврдување на потребите на жените од руралните средини при креирање на стратешките документи, програми, мерки и активности, како и утврдување на проблемите со кои се соочуваат жените со цел креирање на следни мерки кои ќе помогнат во подобрување и решавање на проблемите, а со тоа и надминување на состојбите во процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд и подобрување на целокупните состојби во руралните средини.

**Фотодокументација од теренската посета на руралните жени**





Набавка на опрема за производство на матеница од мерка 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство с. Ржаничино - Општина Петровец.





Одгледување на пиперки - процес на производство и сушење на пиперка с. Горни Подлог - Општина Кочани.






Собирање на шумски плодови и изработка на сокови, слатко, џемови билки и чаеви с. Горно Косоврасти - Општина Дебар.




Одгледување на садници и производство на маџун с. Тимјаник - Општина Неготино



Одгледување на 25 пчелни семејства и одгледување на смокви с. Фурка – Општина Дојран.





Одгледување на пиперка за производување на ајвар с. Паликура – Општина Росоман

Добра пракса

**Ревизијата сака да истакне една приказна на една успешна жена од руралната средина.** Жена која решава од град да се пресели во село во 2000 година за да во 2014 година, без никакво претходно работно искуство во овој сектор, аплицира за мерка самовработување во Агенцијата за вработување и добива неповратен грант во износ од 3.000 евра и соодветна обука со кои отвара фирма како индивидуален земјоделец кој се занимава со чување на крави.

Сега има 15 крави од кои произведува млеко и бурата[22](единствена во државата кој произведува ваков производ). Млекото го продава на фабрика за млечни производи, додека бурата ја продава во реномирани хотели и ресторани во Скопје.

Со цел да може да обезбедува храна за кравите, има земено под концесија 3 хектари обработливо земјиште на кое одгледува детелина и јачмен. Исто така, има добиено средства и од програмите на МЗШВ и тоа за мандра производство на матеница во износ од 10.000 евра (сертифицирана операторка на храна), и средства за опрема преку мерката 115 - Активен женски член во износ од 6.000 евра во 2023 година. Во 2023 година вработува жена од руралната средина која и помага околу логистиката и маркетингот. Посочи дека е задоволна од приходите кои ги остварува и дека би сакала и во иднина да продолжи да ја работи оваа работа. Како предизвик кој го издвои е изнаоѓање на работна сила, бидејќи како што таа посочи ретко кој сака да ја работи оваа работа. Укажуваме дека ваквите примери за успешни рурални жени треба да бидат пример и поттик за руралните жени во државата.

[22] Бурата е италијанско сирење од кравјо млеко направено од моцарела и крем.





Процес на изработка на бурата.

# 4. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на резултатите од ревизијата стекнавме разумно уверување дека мерките и активностите за родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд кои се преземаат од страна на надлежните државни институции не се доволно ефикасни и ефективни со цел вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд и задржување во руралните средини.

Утврдивме дека националните стратегии од областа создаваат добра основа за развој на руралните средини, но потребно е да се дефинираат мерки и активности кои ќе бидат прилагодени за жените од руралните средини и нивно вклучување на пазарот на труд. Жените од руралните средини и нивното вклучување на пазарот на труд, не се дел од стратешките приоритети и цели на Владата. Со дефинирање како стратешки приоритет државата не само што ќе помогне за подобрување на состојбата на жените од руралните средини туку ќе влијае и на запирање или намалување на процесот на иселување од руралните средини на населението кое живее во овие рурални средини.

Постојат мерки кои придонесуваат за подобрување на состојбата на руралните жени како што е првата родово одговорна мерка 115 - Поддршка на активен женски член во земјоделското стопанство, како и мерки за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд кои се креирани од страна на МЗШВ како што е мерката 112 - Помош на млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност и мерката 7 - Диверзификација на фарми и развој на бизниси.

Што се однесува до мерките за вработување кои се спроведуваат од страна на АВРСМ, истите се општи за сите мажи и жени во државата и нема мерки кои се директно насочени кон вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд, како и не се водат разделени податоци за корисниците на мерките на рурална/урбана средина.

Потребно е дизајнирање на директни мерки со кои ќе се овозможи вклучување на жените во руралните средини на пазарот на труд, вклучување на национално и локално ниво на жените од руралните средини при креирање и дизајнирање на мерки со цел поголема ефикасност на процесот на вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд, поголема поддршка на жените од руралните средини преку посета на терен и промовирање на мерките кои се спроведуваат од државата за нивните можности, начинот и постапките за нивно аплицирање и користење.

Потребно е зголемување на бројот на установи за згрижување и воспитание на деца и домови за стари лица како еден од најважните предуслови за да можат жените од руралните средини да се вклучат на пазарот на труд, како и подобрување на јавните услуги за жените од руралните средини (здравствени, социјални, културни, јавни услуги итн.) кои се предуслов за живеење во руралните средини.

Продолжување со Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност, како и пронаоѓање на трајно законско решение за овој

проблем на жените од руралните средини, може да придонесе за подобрување на состојбите на жените од руралните средини.

Воспоставување на интегриран и целосен систем на прибирање на податоците по мерките кои се реализираат со цел вршење на анализи на податоците со кои располага поединечно за секоја мерка како и анализи детално за мерките и ефектите кои ги даваат истите, како и целосна слика за состојбата со секоја поединечна мерка.

Подобрувањето на овој процес треба да овозможи повеќекратен ефект во повеќе области имајќи ја во предвид поврзаноста на процесите кои се одвиваат или треба да се одвиваат во руралните средини, а во кои жените имаа најголема улога.

***Стереотипите и дискриминацијата мора да бидат елиминирани, руралната жена сака, може и знае како да ја осигура својата иднина, да стане успешен претприемач, да изгради подобро утре за целокупниот општествен напредок.***

## 5. ПРЕПОРАКИ

Влада на Република Северна Македонија да преземе мерки и активности :

1. Дефинирање и прецизирање во Одлуките за утврдување на стратешки приоритети како еден од приоритетите или целите кои треба да бидат поврзани со развојот на руралните средини и со вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд (точка 3.1.5).

2. Во соработка со МЗШВ за донесување на посебни закони за поддршка на целосно напуштените подрачја или подрачја во фаза на сериозна депопулација кои формираат географска територија со значителна големина од вкупната територија од државата (до 4%) во кои ќе се дефинираат посебен сет од политики и мерки за координиран пристап на различни министерства, тела и локалната самоуправа со цел да се постигнат основни услови за нивно заживување (точка 3.1.6).

3. Во соработка со МТСП и МЗШВ за изработка на Национална стратегија за унапредување на состојбата на рурална жена со акциски план со посебен осврт на нејзино вклучување во пазарот на труд или во донесените стратегии по области, да се дефинираат конкретни мерки и активности поврзани за вклучување на руралните жени на пазарот на труд, со утврдени рокови за завршување на истите, динамика и определување на мерливи индикатори потребни за следење на напредокот на остварените резултати и исполнетоста на специфичните цели (точка 3.1.1, 3.1.2 и 3.1.3).

4. Во соработка со МЗШВ, продолжување со Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност, како и изнаоѓање на законско решение за овој проблем на жените од руралните средини (точка 3.2.2).

5. Започнување и интензивирање на активностите за спроведување на проектот “50 села, 50 приказни”(точка 3.2.3).

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство да преземе мерки и активности за:

6. Редовно следење на спроведувањето на Националната стратегија за развој на земјоделството и руралниот развој преку вршење на анализа за постигнувањата и исполнетост на стратешките определби на половината од стратешкиот период, како и ex-post евалуација на спроведувањето на стратегијата и постигнатите резултати по завршување на стратешкиот период (точка 3.1.2).

7. Продолжување и интензивирање на работата на Националната рурална мрежа во насока на зголемување на вклученоста на заинтересираните страни во спроведувањето на Националната програма за развој на земјоделството и

рурален развој, информирање на пошироката јавност и потенцијалните корисници за политиката за рурален развој, можностите за кофинансирање на проекти и одржливиот развој на руралните средини, руралните заедници и руралните региони (точка 3.1.4).

8. Изработка и доставување на Годишен извештај за спроведување на Националната програма за земјоделство и рурален развој, за Годишните програми за финансиска поддршка во земјоделството и Годишните програми за финансиска поддршка на руралниот развој до Владата (точка 3.1.7).

9. Донесување на подзаконски акт согласно Законот за земјоделството и руралниот развој во кој ќе се утврди видот на податоците, начинот на нивното собирање и доставување од страна на АФПЗРР до МЗШВ (точка 3.1.7).

10. Да се преиспитаат критериумите на мерката 115 - Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство со цел зголемување на жени апликанти и можност од обезбедување на авансна исплата (точка 3.2.6).

11. Започнување на постапка за развој или набавка на специјализирано софтверско решение за обработка на примените апликации за поднесување на барање за одобрување на мерките од ИПАРД Програмата кои ги спроведува АФПЗРР (точка 3.3.3).

12. Поголема вклученост на жените од руралните средини при креирање и дизајнирање на мерки со цел поголема ефикасност на процесот за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд (точка 3.3.5).

13. Спроведување на редовни евалуации на мерките со цел оценка за придобивките и успешноста на мерките во однос на зајакнување на жените во зголемување на производството, приходите односно влијанието на финансиската поддршка со мерките (3.2.4, 3.2.5, 3.2.6 и 3.2.7).

**Министерство за труд и социјална политика** да преземе мерки и активности за:

14. Донесување на Националниот акционен план за спроведување на стратегијата за родова еднаквост за периодот 2022 - 2024 година и спроведување на предвидените активностите со цел постигнување на специфичните и општите цели поставени со Стратегијата за родова еднаквост (точка 3.1.1).

15. Во соработка со АВРСМ при ажурирање на Националната стратегија за вработување, националниот акцискиот план и во годишните оперативните планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот да се дизајнираат родово одговорни мерки директно насочени кон руралната жена кои ќе овозможат нејзино вклучување на пазарот на труд (точка 3.1.3 и 3.2.1).

16. Изработка на анализа по рурални средини за утврдување на потребата од изградба на установи за згрижување на деца од предучилишна возраст со временски рокови, надлежни институции и финансиски средства (точка 3.3.1).

17. Да направи анализа со приоритети по региони, општини и временски рокови и потребни финансиски средства и да преземе активности за изградба и отворање на повеќе државни домови за стари лица во руралните средини (3.3.2).

18. Поголема вклученост на жените од руралните средини при креирање и дизајнирање на мерки со цел поголема ефикасност на процесот за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на труд (точка 3.3.5).

**Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој** да преземе мерки и активности за:

19. Навремена исплата на средствата на корисниците на мерката 115 – Поддршка за активен женски член во земјоделското стопанство (точка 3.2.6).

20. Навремено и редовно спроведување на мерките од Националната програма за земјоделство и рурален развој (точка 3.2.5, 3.2.6 и 3.2.7).

21. Акредитирање на мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура, како и подготовка и изградба на капацитети за спроведување на истата (точка 3.2.4).

22. Да се направи анализа за можноста од воспоставување на гарантен фонд за жени при аплицирање за мерките од Националните програми и ИПА програмата за рурален развој (точка 3.2.5, 3.2.6 и 3.2.7).

23. Распишување на јавни огласи со Годишните програми за мерки за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, обнова и развој на селата и зачувување и унапредување на традиционалните вредност на руралните средини (точка 3.2.4).

**Агенција за вработување на Република Северна Македонија** да преземе мерки и активности за:

24. Во соработка со МТСП, евалуација и следење на ефектот од мерките предвидени со оперативните планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, со цел утврдување дали истите го имаат постигнато ефектот на долг рок (точка 3.2.1).

25. Обезбедување на податоци и водење на евиденција на апликантите и корисниците на мерките од оперативните планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот по место на живеење и функционирање на бизнисите по рурални и урбани средини (точка 3.2.1).

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено / Pranuar më: 26.02.2024
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
13-183/9

Бр. 32-46/6
22-02-2024
Скопје

До:
**М-р Максим Ацевски** -Главен државен ревизор

Државен завод за ревизија

Ул.Павел Шатев бр.2 , Палата Емануел Чучков

1000 Скопје

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

ул. 3-та Македонска бригада бр.20 *(згр. Македонија Табак блок Ц)*
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3097450
Факс: +389 (0) 2 3097454
Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk
Сајт: www.ipardpa.gov.mk

**Предмет:** Доставување одговор по Нацрт извештај од ревизија на успешност –“Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд”

**Врска: Арх. Бр. 13-183/7 од 02.02.2024**

Почитуван,

Во врска со Нацрт извештајот од ревизија на успешност –“Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд” го доставуваме следниот одговор од страна на вработените во Секторот за одобрување на проекти и Секторот за аналитика и поддршка на директорот:

**Наод 3.3.3.** Ревизијата изврши анализа на начинот на доставување на апликации за поднесување на барање на мерките кои се спроведуваат од страна на АФПЗРР и утврди дека сеуште доставувањето на барања до АФПЗРР се врши преку архива или пошта, односно нема електронски систем за аплицирање за мерките кои се спроведуваат преку АФПЗРР.

Во Април 2019 година започнати се активности во рамките на IPA II 2015 проект со наслов **“Прилагоден софтвер за Интегриран систем за админидтрација и контрола за поддршка во земјоделството и руралниот развој”.** Имплементацијата на истиот е предвидено да се спроведе во период од 24 месеци со цел на МЗШВ да и се овозможи пристап до стандардни групи на извештаи/податоци кои ги води АФПЗРР , а се однесуваат на индикаторите поврзани за спроведување на мерките за поддршка во земјоделството.

Согласно договорот целта на проектот е да се подобри интероперабилноста и ефективноста на системот преку развој на

нов Интегриран систем за администрација и контрола ( ИАКС ) софтвер во АФПЗРР. Целта на овој проект е да ги развие и интегрира сите елементи на софтверот кој го поддржува целиот процес за апликација за помош, обработка на апликации и контрола на користење на национлните земјоделски фондови во областа на директните мерки за поддршка ( вклучувајќи ги и руралните развојни мерки ) и мерки за поддршка на пазарот. Ова ќе вклучува единствен систем за евидентирање на идентитетот на секој корисник на поддршка , поднесување на апликација за помош, административни контроли, LPIS вклучувајќи апликација за геопросторна помош, анализа на ризик, on – the spot контрола на самото место , овластување за плаќања и известување во согласност со барањата на ЕУ и меѓународните стандарди. Временскиот рок за наведениот проект е завршен и се очекува извештај од страна на Европската делегација во Република Северна Македонија , а програмата за финансиска поддршка во руралниот развој не била опфатена со проектните активности. Имено мерките од програмите за рурален развој не се предвидени да бидат дел од овој проект. Истакнуваме дека одвивање на процес надвор од електронски систем не обезбедува автоматизација на самиот процес како и човечкиот фактор има влијание при обработка на апликациите. Исто така на овој начин се отежнува работата на АФПЗРР имајќи ги во предвид кадровските капацитети со кои располага АФПЗРР како и ризикот од субјективност во процесот на обработка на овие податоци.
Во оваа насока укажуваме дека потребно е започнување на постапка за развој или набавка на специјализирано софтверско решение за обработка на примените апликации за поднесување на барање за одобрување на мерките кои ги спроведува АФПЗРР, а кое ќе содржи што е можно повисоко ниво на автоматизација на процесот, или во рамките на проектот кој што се спроведува да се иницира поставување на модул кој што ќе може да се користи за оваа намена.

**Одговор по наод 3.3.3.**

Секторот за одобрување на проекти односно Одделението за спроведување на националните програми за рурален развој, рибарство и аквакултура, користи софтвер од 2015 година за

електронско аплицирање и обработка на барањата од националните програми, додека хартиената верзија на документацијата во оригинал се доставува преку архива или пошта, со цел веродостојност на истите (своерачно потпишани и со печат од правните лица). Исто така контролните листи електронски се пополнуваат и истите се дел од секое поединечно барање.

Во врска со IPA II 2015 проект со наслов “Прилагоден софтвер за Интегриран систем за администрација и контрола за поддршка во земјоделствоти и руралниот развој”, чија што цел е да се подобри интероперабилноста и ефективноста на системот преку развој на нов Интегриран систем за администрација и контрола (ИАКС) софтвер во АФПЗРР. Овде мора да се напомене дека овој софтвер се однесува за иплементација на мерките од ИПАРД Програмата и директните плаќања во земјоделството, но не се однесува за мерките од програмите за рурален развој коишто ги спроведува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Во прилог Ви доставуваме принт скрин од е- барање, контролна листа за комплетност и контролна листа за соодветност од софтверот за електронско аплицирање.

Со почит,

Директор
Никица Бачовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделство и руралниот развој
Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural
Скопје-Shkup

Изработил:Седат Бислими
Контролирал:Светлана Ристевска
Одобрил:Марија Благоева

Соодветност1

ranje.ipardpa.gov.mk/ords/f?p=868:25:6364740717767::NO:25:P25_APL_ID,P25_JPDT_ID,P25_STRANKA_ID:17530,801,12915

OSSP ППД ЛВ Берна эпис лото рур.мреж општини

# ...ни повици

...кации | Ранг | Договор | Извештаи | Дневници | Систем

ПОНУДА И БАРАНА СУМА | КОМПЛЕТНОСТ1 | КОМПЛЕТНОСТ2 | **СООДВЕТНОСТ1** | СООДВЕТНОСТ2 | РЕШЕНИЈА | АРХИВА

**...пликација**

| ...кумент | Опис | Тип на документ | Задолж. |
|---|---|---|---|
| ...17530_61203.pdf | - | 1 Понуда со детална техничка спецификација за производите за кои се бара финансиска поддршка | Да |
| ...тина_17530_61204.docx | - | 2 Деловен план – изготвен согласно примерот за изготвување на деловен план | Да |
| ...7530_61205.pdf | - | 3 Решение/тековна состојба за упис во Единствениот регистар на земјоделски стопанства | Да |
| ...0_61206.pdf | - | 4 Годишна даночна пријава (УЈП) | Да |

...е документ [ ] Пронајди документ...

Опис [ ] **Прикачи**

**Прикачени документи**

Немате прикачено документи

...роверка 1 21.07.2022 Соодветен Да

| | Соодв.1 | Соодв.2 |
|---|---|---|
| ...е прифатливи | Да | Да |
| ...ањето е жена - носител на земјоделското стопанство | Да | Да |
| ...најмалку 60 бода | Да | Да |

© Сите пра...

...arch 7°C Partly sunny

Комплетност1

ranje.ipardpa.gov.mk/ords/f?p=868:23:6364740717767::NO:23:P23_APL_ID,P23_JPDT_ID,P23_STRANKA_ID:17530,801,12915

OSSP ППД ЛПВ Верна зпис лото рур.мреж општини Сле

## ни повици

кации | Ранг | Договор | Извештаи | Дневници | Систем

ПОНУДА И БАРАНА СУМА | КОМПЛЕТНОСТ1 | КОМПЛЕТНОСТ2 | СООДВЕТНОСТ1 | СООДВЕТНОСТ2 | РЕШЕНИЈА | АРХИВА

**пликација**

| кумент | Опис | Тип на документ | Задолж. |
|---|---|---|---|
| _17530_61203.pdf | - | 1.Понуда со детална техничка спецификација за производите за кои се бара финансиска поддршка | Да |
| зтина_17530_61204.docx | - | 2.Деловен план – изготвен согласно примерот за изготвување на деловен план | Да |
| 7530_61205.pdf | - | 3.Решение/тековна состојба за упис во Единствениот регистар на земјоделски стопанства | Да |
| 0_61206.pdf | - | 4.Годишна даночна пријава (УЈП) | Да |

е документ [ ] Пронајди документ...

Опис [ ] Прикачи

**Прикачени документи**

Немате прикачено документи.

роверка 1 21.07.2022 Комплетен Да

е на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година ПРР - 115

хничка спецификација за производите за кои се бара финансиска поддршка

вен согласно примерот за изготвување на деловен план

јава (УЈП)

ство за труд и социјална политика за социјален статус – самохран родител

а инвалидско и пензиско осигурување за лица регистрирани како индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување или решение за лица регистрирани како индивидуален земјоделец согласно Законот за вршење на земјоделска дејност

тојба за упис во Единствениот регистар на земјоделски стопанства

дружение или земјоделска задруга или на локална акциона група

© Сите пра

earch 7°C Partly sunny


Апликации
Агенција за финансиска подд
Најава
ranje.ipardpa.gov.mk/ords/f?p=757:LOGIN_DESKTOP
АФПЗРР
Портал за е-барање
Најавна форма
Корисничко име
Лозинка
Најави се
Регистрирај се
Промени лозинка
Заборавена лозинка
Рекреирај профил
Упатство за регистрација
© 2024 Сите права се задржани.
7°C Partly sunny

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

Сектор за еднакви можности — Sektori për mundësi të barabarta

**Архивски број:** 17 - 1695/2
Датум: 04-03-2024

**До: Државен завод за ревизија**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: / Pranuar më: | 05.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | 14-381/1 | | |

**Предмет: Ваш бр.13-183/4**
**Мислење на Нацрт извештај**

**Почитувани,**

**Министерство за труд и социјална политика го разгледа Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор од извршена ревизија на успешност - „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“ и сметаме дека Извештајот содржи релевантни податоци и ја поздравуваме неговата изработка.**

**Ве известуваме дека во однос на препораките 15 и 18 од доставениот Ревизорски извештај, при идната подготовка на мерките наменети за жените и нивното вклучување на пазарот на труд, истите ќе бидат земени предвид, во консултација со АВРСМ и релевантните чинители.**

Со почит,

Министер,
Гоко Велковски

Изработил: Селвер Зендели
Превод/Përkthimi:
Контролирал/Kontrolloi: Кадрије Мустафа
Одобрил/Miratoi: Светлана Цветковска
Согласен/Pajtohet: Јасмина Иванова


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

**Одговор**
**на забелешки и коментар на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки и коментар на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“ и тоа:

- забелешки, број 32-46/2 од 22.02.2024 година од раководното лице на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој г.Никица Бачовски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-183/9 од 26.02.2024 година и
- коментар, број 32-1695/2 од 04.03.2024 година од раководното лице на Министерството за труд и социјална политика г. Ѓоко Велковски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-381/1 од 05.03.2024 година.

Доставените забелешки и коментар по Нацрт извештајот се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Забелешките од г.Никица Бачовски – директор на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој

1. Забелешката на утврдената состојба во **точка 3.3.3**, која се однесува на извршената анализа на начинот на доставување на апликации за поднесување на барање за одобрување на мерките кои се спроведуваат од страна на АФПЗРР, **делумно се прифаќа.** Утврдената состојба дека аплицирањето е преку доставени барања по пошта или во архива, во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор се дополнува дека ваквиот начин на поднесување на барања се однесува за мерките од ИПАРД Програмата.

Коментар од г.Ѓоко Велковски – министер во Министерството за труд и социјална политика

2. Коментарот по Нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност доставено од страна на Министерството за труд и социјална политика **претставува известување** дека Извештајот содржи релевантни податоци и ја поздравуваат неговата изработка, а препораките 15 и 18 при идната подготовка на мерките наменети за жените и нивното вклучување на пазарот на труд ќе бидат земени предвид во консултација со АВРСМ и релевантните чинители.